3 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА VI-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24.XI.1993 ГОДИНА**

Точка: Предлог за донесување на Закон за работни односи

1.АЛИУ ХАМИД – 49
2. БОШКОВ ЈОРДАН – 55
3. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 46
4. ИВАНОВСКИ СИМЕОН – 29
5. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 1
6. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 4
7.МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР – 21, 25
8. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 61 –претседател и чита заклучок по предлогот за донесување на Законот за работни односи
9. МАНЕВ ЕФТИМ - 27
10. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 28
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 44
12. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 51, 54
13. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН – 34, 36
14. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 5
15. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 13
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 16, 18
17. САБРИУ ИЛЈАС - 57
18. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 40
19. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 69
20. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР – 42, 44
21. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 62
22. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 66

Седницата продолжува со работа

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Шеесет и осмата седница на, Собранието на Република Македонија одржана, на 24 ноември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1),.со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратеникот Ешреф Алиу ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со овој закон Предлогот за донесување на закон за работни односи, а во консултација на Лекарската комора на Македонија ги подготвив следните забелешки.

Прво, во членот 32 став 3 покрај наведените работи што се сметаат како особено тешки и напорни, штетни по здравјето да се внесат и работи во оддел за интензивна нега и работа во здравствена служба во затворски установи.

Второ, членот 36 да биде предвидено и дежурство како вид на работа подолга од редовното работно време. Дежурството како вид на работа подолга од редовното работно време е познато и се применува во организации во кои поради природата на работата на одделни работни места треба да се обезбеди непрекината работа или да се

пружат други услуги, а за тоа од разни причини не може да се организира сменско работење како што е случај со електро стопанството, здравството, одделни органи на управата и сл.

Трето, во овај закон сум на мислење дека е потребно да се додаде нов член во. кој ќе се нормира правото на дополнителна работа. Овој предлог се темели од таму дека во Уставот на РМ член 32 не ен утврден поимот право ба работа, а меѓу причините поради кои треба да се донесе законот предлагачот поаѓа од темелните вредности на уставниот поредок кои се однесуваат на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, слободата на пазарот правната заштита на сопственоста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право и друго. По исклучок работното време може да трае и подолго од 40 часа во неделата, но не подолго од 10 часа во случаи кои се децидно наведени во членот 36 во Предлогот. Ова е во особено тешки услови работното време може да се скрати најмногу на 32 часа неделно, а може и помалку ако природата на работата тоа го бара, или за извршување на секојдневни работи со помал обем, значи на 40 часа. Се поставува прашањето дали предлагачот на законот во членот 36 ги исцрпил сите можности за да го доразработи поимот право на работа од членот 32 на Уставот. Имено, дали може да се негира дека во поимот право на работа не е содржана и дополнителната работа кога овој поим во Уставот не е дефиниран. Во денешни услови кога Уставот создал правни претпоставки за транзиција на социјалистичкото општество, но во нов граѓански модел на општество каде општествената сопственост се трансформира во повеќе видови на сопственост кога се чувствува се понагласен ангажман на приватниот капитал, иницијативата на граѓанинот, дополнителната работа може да биде особено корисна за целосно користење на интелектуалните, стручните и други лични потенцијали на граѓаните во оваа држава.

I/3.-

Четврто, во членот 61 став 4 да се избришат зборовите според прописите на здравствената заштита. Ова од причина што породилното отсуство над 40 дена не е отсуство на жената која го добила по основ на болест. Породувањето пред се не е болест а жената е поштедена од работа по породувањето не заради болест туку заради потреба од негување на породот. Репродукцијата на населението во Републиката не треба да паѓа на товар на здравственото осигурување. Популационата политика е работа на државата и таа треба да се финансира од средствата на буџетот.

Петто, во членот 98, став 2 и членот 99 покрај субјектите наведени во него да се додадат и коморите од одделни области. Имено, во општествените дејности по сила на закон формирани се лекарската комора на Македонија, адвокатската комора, а во фаза е и формирање на комора на ветеринарите и други професии. Со оглед на тоа што во синдикатот не членуваат сите вработени лекари во јавниот и приватниот сектор на здравството,а .Лекарската комора на Македонија е професионална организација која ги штити интереси- те на своите членови лекари. Природно е таа да учествува како рамноправен партнер во склучување на колективниот договор од област на здравството.

Шесто, во врска со дисциплинската постапка треба да се преиспита дали таа треба да биде предмет на регулирање на овој закон со оглед на фактот што во него работниот однос е санкциониран како договорен, односно меѓу две странки. Оттаму каква е функцијата и целта на дисциплинската постапка. Па затоа сум на мнение дека предлагачот на Законот треба уште еднаш да ги преоцени одредбите на оваа глава од законот.

I/4.-

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Потребата за носење на закон за работни односи во смисла што во пракса се применува се уште југословенскиот основен закон за работни односи и Републичкиот закон за работни односи, односно два закони за иста проблематика. Во однос на предложениот закон имам одредени начелни забелешки има голем број непрецизни одредби, има обврски предвидени без да се назначат роковите, а наспроти тоа има и казнени одредби. На пример, евиденција на работниот однос е казнено, а не се знае во кој рок треба да го изврши претпријатието. И друго, често се користат одредени права, одредби стално се цитира: и утврдени со закон. Ова е закон за работни односи, исклучиво тука треба да се регулираат правата, а не да се повикаме на некој друг закон. Во однос на тоа што роковите не се пропишани имаме предвидено рок за договарање на колективни договарања во рок од три месеци, или усогласување три месеци. Ако не се склучи колективен договор како што сега странките во договарањето се развлекуваат две години, а нема ниту последици, ниту регулатива. Што ќе се случи во таа празнина? Или ако не се усогласи треба да се регулира која состојба ќе настане, или не се применува или тие непрецизности се во сите одредби. Основно што имам одредено прашање во овој закон е изоставен член 3 кој беше скоро 50 години во употреба, тој е корисник на лична, старосна пензија нема право да се вработи. Оваа одредба е изоставена. Исто така пензионирањето не е регулирано конечно, воведен е принцип доживотно вработување. Тоа произлегува прво што е отстранета од член 3 одред- бата. Второ, членот 135 став 8 вели: му престанува по сила на закон независно од волјата на вработениот ако наврши 40 години или 65 години возраст, но ако во колективен договор, ако, со друг закон, и фактички никогаш не му престанува работниот однос. Точно во овој закон предметот на

Работните односи треба да се регулира фиксно во овој закон кога му завршува и кога почнува. Во однос на вработувањето на пензионирани лица. се отвора вратата Со тоа сега при конкурирање, отворен конкурс секој пензионер може повторно си конкурира ако не на своето на друго место. Предноста спрема помладиот има стаж 40 години и сл. Сметам дека тука треба да се фиксира, бидејќи овој закон нема никаква хуманост, имаме работодател и вработен, немаме прием на приправници, грижа на стручност во работната организација и сл. Сметам дека треба да си остане фиксна одредбата 40 години стаж на осигурување и 66 години возраст без никакви алтернативи да му престане работниот однос. Инаку, друга форма на вработување, на нови вработувања не постои ниедна можност. Сметам исто така дека треба да се задолжат претпријатијата да ја известуваат потребата од нови кадри. За тоа да се евидентира во стручните заедници за вработување за да се грижи евентуално за новите вработувања на млади, постручни и во таа смисла да се фиксира. Инаку, ние постојано се грижиме само за пензионерите, или како корисници на пензија сега имаме и за вработување, меѓутоа треба да знаеме сега има можност на дополнително работење на пензионерите и исто по Уставот и сопственоста створа доход. Сметам ако се пресече дека тој нема право повторно редовно да се вработи, кима право да створа доход и профит од сопственоста што ја стекнал, тоа е по Уставот основно начело, ако вложи труд во дополнителна работа и други дејности само дополнително да може да се вработува, да се отвори врата и за другите

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, да бидам искрен, очекував дека предлагачот во овој случај Владата на Република Македонија ќе ни предложи темелно разработен предлог за донесување на закон за работните односи со примена на решенијата од западно – европските држави каде што таканаречените работни закони се плод на

I/6.-

долгогодишна, односно долгогодишни настојувања на работниците преку своите интересни организации, синдикатите да се изборат за правилата во односите работодавец, работопримател, односно работник, взаемните права, заштита на тие права, но и обврските меѓусебни кои произлегуваат од тие права, односно договори. За жал Владата на Република Македонија како овластен предлагач нуди предлог за донесување на закон со кој не само што сите можни рокови за донесување се изминати, туку и закон за работни односи кој претставува хибрид така би го нарекол, еден хибрид од досегашниот закон со недоволно јасни нови одредби. Впрочем тоа и предлагачот го признава во образложението. Цитирам дел од тоа образложение: "потребата од усогласеноста на законските прописи во преодниот период во кој ќе се остваруваат промените ја условуваат потребата од постапност во промените и во сферата на работното законодавство преку постапно менување и приспособување на одделни работни правни институти на новиот уставен концепт на граѓанското општество." БИ сакал тука да напоменам дека ќе ја земам за пример само бившата Источна Германија која со обединувањето со Западна Германија во единствена држава, односно во нејзините сега сојузни покраини како единствен работнички закон беше прифатен законот од далеку поразвиената Западна Германија. Стопанството во тие делови на Германија е исто така во еден преоден период, односно е во трансформација од државна в~о приватна сопственост, но правилата на односите работодавец - работник се исти. Оттука сам по себе се наметнува заклучокот дека правата кои произлегуваат од работен однос не можат да бидат предмет на попуштање во нашиов случај би кажал кон ново- создадената класа на социјалистички богаташи кои се збогатија на вештачки начин, а не со една природна селекција и знаење како што е случај во западните земји. Предлагачот за донесување на законот за работните односи во Главата VIII претходно искажаното и го потврдува со тоа што предвидува дека на

работникот може да му престане работниот однос поради воведување разни промени во производството, односно поради економски, технолошки, структурни или слични промени, без разлика што во понатамошните членови е предвидена консултација со синдикатот, ограничување на нови вработувања, природен одлив на работниците итн. Затоа мислам дека законот за работните односи ова Собрание требаше да го донесе пред Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за да можат да си ги согледаат работниците своите права и во однос на трансформирањето на општествената сопственост. Како создавачи на еден поголем дел од општествената сопственост, работниците во овој случај со овој закон за работните односи вака конципиран можат да останат без работа. Сето тоа ќе зависи од рас- положението на новите работодавци, односно сега и во иднина ново- печени газди. Ако предлагачот на овој закон, Владата на Република Македонија инсистира дека законот вака конципиран е за преодниот период, што тогаш со стечајните работници ако е општа констатацијата дека повеќето стечаи се вештачки, односно дека се предизвикани намерно и сеуште имаме предизвикување на такви намерни стечаи со цел да се обезвреднат претпријатијата како би можеле да ги купат одредени луѓе за малку вложени сопствени средства, односно со средства прелеани во приватните џебови.

Ќе ги изнесам и своите забелешки во однос на текстот на законот за работните односи и тоа. Во главата II засновање на работен однос во точката 2 начин на засновање на работен однос е предвидена постапката за вработување со објавување оглас и доставување на пријава за потреба од работници од страна на работодавецот. И тоа е во ред. Во членот 11 од законот е предвидено изборот да го врши работодавецот непосредно, или посредно. Што значи дека претходните

Одредби односно институтот така би го нарекол оглас кој сведува на чиста формалност затоа што во законот не е предвидена жалба на одбиените кандидати без разлика на предвидени казни на работодавецот за понатамошниот текст на законот во однос на институтот оглас. Едното со другото не оди и претставува залажување за божемните еднакви услови, односно тие услови кои се загарантирани со устав.

Во членот 24 е предвидено засновање на работен однос на определено време да премине за основање на работен однос на неопределено време ако има зголемен обем на работа, кој ќе прерасне во траен, односно ако заменуваниот работник не се врати на работа. Ова е едно широко овластување спрема мене и најповеќе може да се користи во органите на државната управа, па се поставува логично прашањето кои се критериумите за оценка на зголемениот обем на работата, дали тоа нема да биде субјективно на некој начин.

Во членот 27 став 2 би го цитирал, во случај на потреба на процесот и организацијата на работа утврдени се колективен договор, а работникот може да биде распореден на секое работно место кое одговара на стручната подготовка. Ваква одредба, односно слична постои во сегашниот закон и е предмет на критика од страна на работниците, затоа што често пати е злоупотребена за понижување и дисциплинирање на работници кои си ги бараат своите права, односно кои немаат исто политичко мислење со одредени раководители.

Мислам дека ставовите 2 и 3 од членот 27 треба да отпаднат, а во ставот 1 после зборовите: "работникот работи на работно место за кое засновал работен однос", да се додаде: "врз основа на колективе договор".

Во членот 29 каде што е предвидено дека работникот може да се распореди на друго место, оддалечено помалку од 50 километри

превозот треба да го обезбеди работодавецот, затоа што јавниот превоз, не е грант за навремено пристигнување на работникот на работното место и досегашната ваква одредба им користеше на определени раководители да се отарасат од непожелните работници.

Во членот 41 во КОЈ се предвидуваат условите за хонорарна работа, треба да отпадне затоа што се доведуваат во нерамноправна положба невработените, а знаеме дека имаме над 180.000 невработени граѓани на Република Македонија од сите можни профили односно со сите можни образованија, односно и по основ на оваа хонорарна работа се вршеа злоупотреби.

Одредбите во членот 44, ако не се лапсус на предлагачот, тогаш не соодветствуваат на петодневна работна недела. Наместо 24 часа за неделен одмор би требало да стои 48 часа, односно 2 дена во текот на наредната недела, затоа што верувам дека тоа е преземено од стариот закон каде што на некој начин се предвидуваше шест дена работна недела и во овој случај работникот тоа му е гарантирано, зашто со овој предлог на закон се предвидува петдневна работна недела и затоа би требало да стои 48 часа, односно два дена во текот на наредната недела за одмор.

Во членот 68 каде што се одредува начинот на заштита на работник од женски пол, односно работничка за неработење ноќе, ставовите 3, 4 и 5 треба да отпаднат, затоа што првиот став се негира со 3, 4 и 5 став и можат да бидат предмет на злоупотреба. Прашање е кој е тој што треба да одреди што е тоа виша сила која што стои во тие ставови, спречување штета, сериозни економски и стручни околности, односно сето тоа може да биде субјективно и затоа жената работник во индустријата и градежништвото не би требала да работи ноќе.

I/10.-

Исто_и за членот 70 за работник помлад од 18 години не би требало исто така да работи ноќе помеѓу 22,00 и 06, часот сабајле. Што е тоа јавен интерес или тешки околности. Исто така тоа може да биде предмет на една субјективност од одредени раководители, односно работодавци. Затоа и во овој случај ставот 2 би требало да отпадне од членот 70 каде што се зборува за правата за заштита на работници помлади од 18 години.

Во членот 74 ставот 1 не се однесува на ставот 2 и би требало да остане ставот 2 односно најниската плата се утврдува со колективен договор без законски одредени услови кои и во овој случај се ограничувачки за преговарачот во име на работниците, односно за синдикатот. Не може во законот ако велиме дека најниската плата ќе се одреди со колективен договор во Законот да внесеме ограничувачки фактор кој на некој начин преговарачот во име на синдикатот би го ставиле во една неповолна положба. Во членот 75 во ставот 1 после зборовите"платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно". Предлагам да се додадат следните зборови: "најдоцна до 15 идниот месец од следните причини. Работникот не е обврзан да размислува за начинот за прибирање средства за плата, тоа е обврска на работодавецот, работникот треба да ги исполни обврските кои произлегуваат од колективниот договор односно од основањето на работниот однос базирани врз основа на тој договор. Оттука, нелогично е сеуште да се третира работникот како така да речам самоуправувач и со одговорен заедно со работодавецот за пласман или продажба^ на производството. Тоа е работа на работодавецот. При договорен однос договарачите треба взаемно да се придржуваат на договореното,а на да има случаи на пример работниците во Железара кои не земале три месеци плата, во Македонка во Штип да речеме четири, а во други фирми, 2, 5 или 6 месеци и така натаму.

I/11.-

Во главата IV синдикати и работодавци. Моите забелешки во текот на одредени решенија во Законот за работни односи се однесуваат на: членот 83, ставот 2 треба да отпадне, не е во согласност со став 1, односно и в. членот 88 став 2 условите за запишување .и . бришење од регистар за синдикални организации и начинот на водење на регистарот го пропишува Владата на Република Македонија. Исто така, треба да отпадне затоа што во претходните членови се пропишани основните рамки за синдикално организирање, а со едно вакво решение всушност се ограничуваат слободите и правата на работниците загарантирани со Уставот.

Во членот 89 став 2, исто така ги ограничува правата на работниците да се организираат во повеќе синдикати, односно да имаме едно плурално синдикално организирање и им дава за право само на најголемите би рекол во наводници, затоа ќе го цитирам членот 98 став 1, на ниво на Република Македонија Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија склучуваат општ колективен договор што се однесува на работниците и работодавците во стопанството на Републиката. Во Законот, тоа е мое мислење, не можат да се спомнуваат имињата на интересните здруженија, ниту на работниците ниту на работодавците,затоа што тие се од менлив карактер, односно уште утре може да се случи да биде најголем синдикат некој друг синдикат, а не синдикатот кој го носи името Сојузот на синдикатите на Македонија, односно здружение на работодавците како приватници да прерасне во здружение или комора не е битно како ќе го крстиме со едно друго име. Затоа мислам во Законот такви работи не би требало да се дозволат

Понатаму, во текстот на законот треба предлагачот да ги разгледа поосмислено и одредбите на работниците, односно престанок на работен однос, престанок на работен однос поради економски,

технолошки  структурални или други промени наспроти кој со заштита на правата на работниците во се на се пет члена со недоволно прецизирана заштита од мошно двојно толкување на овие одредби. Затоа мислам дека е многу малку прецизирано во одделот заштита на правата на работниците, однос но без разлика дали ќе бидат пет или шест члена малку да се допрецизира за начинот на правата на заштита на правата на работниците.

Во казнените одредби за работодавецот иако се прецизирани прекршоците, скептичен сум ќе признаам дека тие ќе се применуваат, односно дека работниците ќе бидат и на овој начин заштитени, од едноставна причина што и досега постојат и постоеја слични одредби, но практиката покажува нешто друго. Чисти, субјективни односно чиста субјективност, односно политичка определеност при заштита на правата на работниците.

Се надевам дека дел од овие мои забелешки предлагачот во средниот циклус на предлогот за донесување на закон за работни некој дел ќе прифати.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Законот за работни односи претставува еден од темелните закони на нашата држава и ги олицетворува со Уставот. загарантираните права на граѓаните, остварени со меѓународните конвенции и препораките на меѓународната организација на трудот. Законот треба да ги гарантира правата и потребите на вработените и работодавачите. И само ако се усогласени тие права и потреби, тогаш Законот може да биде правен документ кој ќе ги обезбедува правата на граѓаните. Во спротивно постојано ќе има проблеми кои ќе искрснуваат одвреме навреме.

Моите забелешки се однесуваат на некои членови од законот со цел да се подобри текстот на законот содржински.

Во член 7 каде се зборува за засновање на работни односи, ставена е долна граница 15 години возраст. Сметам дека таа граница е многу ниска. Со 15 години индивидуата е сеуште дете. Психофизички незрело, уште во развој и ако се оптовари уште во таа возраст ќе се одрази негативно, а посебно што тоа нема никакви ни училишни, ни практични подготовки, па многу често ќе биде изложено на инвалидизирање, отколку некоја зрела психофизичка личност кои ги има на претек по бироата за вработување. Сметам дека таа граница треба да се помери према горе барем на 17 години.

Во член 23 кој овозможува и на привремено вработени да им се пресметува во работен стаж работното време, тоа би требало да ги опфати и сите прекувремени работи, дежурства и друго за кои се плаќа придонес, да се внесе во работниот стаж.

Член 2 4 вработување на определено време со можност после да остане за стално на работа е подмногу критики негативно, поготово од

невработените бидејќи може да биде злоупотребено. Оттаму алтернативата би била попогодна, односно да се брише овој член.

Член 31, времето пократко од 40 часа да не биде 35 туку да биде 30 часа таму каде што .ќе. има сменско работење,.т. е.. 6 часовна работа и без оброк,што е сега во пракса оброци па има многу забелешки на работењето што после оброкот оди на спиење.

Во член 32 став 1 работи тешки, напорни и штетни по здравје да биде ограничено на 31 час. Сметам тоа да биде 30 часа пет дена по шест часа, бидејќи се нарушува биоритамот за работа во неделата еден ден треба да работат осум часа и тоа ќе им создава други проблеми на работната организација како што е исхрана, затоплување а ефект нема да има. Имаме сега ситуации каде се одработува првата сабота во месецот, па таа сабота всушност, никој не ја одработува и тоа време минува во празно за кафе партии, пај партии итн.

Во член 61 каде се вели за породилно отсуство став 1 бара право, има посвоено дете меѓутоа, став 3 тоа право го скратува бидејќи вели со навршени 6 месечна возраст се дава 90 дена, а во законот за семејство член 7 вели дека може да се посвои со тримесечна возраст дете, па настанува луфта од три месеци право сега на мајката која го посвоила, така да треба тоа да се усогласи.

Лекарската комора овде предлага последниот став да биде изменет и ова право на надоместок треба да се префрли на социјална заштита.

Во член 98 каде се зборува за колективните договори и за потписниците на тие договори да се додаде и лекарска комора, како и другите комори како адвокатската, тоа е исто така забелешка на лекарската комора.

II/3.-

Во член 140 каде се вели дек ана работникот може да му престане работниот однос кога работодавецот воведува поголеми промени во производството, нова технологија и друго и со тоа го смалува бројот на вработените. Се поставува прашање каде ќе одат тие работници, бидејќи со тој член не е ништо предвидено како преквалификација или некое друго згрижување.

Еве тоа се моите забелешки кои сметам можат нешто да придонесат содржински.

II/4.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, прво што ќе изјавам по однос на овој закон е дека има потреба за негово донесување и сметам дека времето е пропуштено.

Меѓутоа на овој текст кој ни се нуди сакам да ставам забелешки односно одредени одредби од истиот за поквалитетно регулирање на таа одредба, или на целата област на тој закон. Прво ставам што ќе ставам забелешка е засновање на работниот однос и на тоа се надоврзува и претставникот на истиот. Во член први, став 2 се утврдува што е работодавец веднаш да помине во член 13 кога станува збор за засновање на работниот однос. Работниот однос се заснова со склучување на договор за работа помеѓу работникот и работодавецот Оваа генерална уводна одредба, не би имала никаков приговор ако понатаму не се оди на содржината на фактичкото објаснување и содржината на договорот за засновање на работниот однос да нема свои компетентни и во одредбите на престанок на работниот однос. Веднаш се поставува прашање што е тоа.

Во член 15 точно откако работодавецот се одлучи со кој ќе заклучи договор, тој ќе биде избран, а во член 1 став 2 е кажано и што се подразбира под работодавец и ги изедначува и физичките и правните лица раководители да се тие. Тука не ставам никаква забелешка. Меѓутоа, кога ќе дојде член 15 да се види што содржи договор за засновање на работниот однос, тој децидно оди и ги предвидува сите одредби на односот помеѓу работодавецот и работниот однос. И тоа не е многу лошо. Ако е регулирано. Значи се создава една правна цврстина за здрав однос помеѓу работодавецот и работата. Меѓутоа, останува сега кога ќе поминеме на начинот за престанок на работниот однос, јас случајно ќе имам коинциденција, некој има погрешно мислење за тоа, како што е имењакот Стојановски, што и каде ќе одат оние работници со кои ќе треба да престане работниот однос. Токму во таа смисла имаме спротивно мислење, затоа што ако дојде до технолошки процес за

намалување на работната сила иако ги земеме одредбите од член 153 таму каде што ќе видиме дека работодавачот е должен н аработникот да му обезбеди паричен надоместок во висина од 80% од најновата плата одредена со колективниот договор да му обезбеди право на пензиско - инвалидско и здравствено осигурување. Практично овдека се продолжува гој работен однос за работодавецот уште за 2 години, затоа што тој од една страна има технолошко намалување поради усовршување работниот процес и ќе ги отпушти овие работници,а веднаш ќе биде должен уште две години да ги издржува. Кога биле на работа немал сметка да ги држи, а сега кога се вон работа ќе има сметка да ги плаќа. Каде кореспондира потребата и нужноста. Тоа е едниот дел понатаму да продолжи , овој работник ако се даде потреба за засновање на потреба од еден работник со таква стручна спрема, тој работник на кој му престанува работниот однос да има предимство на вработување. Овие работи по мене доаѓаат до што? До една неможна работа досега што обврската ја имала државата, така сега со овој Закон да се преврлат на работодавците. Ова во образложението предлагачот требаше јасно да го каже дека намерата му е обврската од социјална заштита од државата да ја префрли на работодавците. Тоа е едниот дел што не можам да го разберам зошто така се прави и вториот дел што е. Што ќе биде ако не од друго случајно према овој Закон на работодавецот прими работник кој ниту прави дисциплински престапи, ниту е непослушен, туку по природа своја е неработен. Значи за такви луѓе работодавецот од нив да се оттараси му треба или фирмата да ја ликвидира во која има 1000 работници, тие сите да останат без работа, или пак да пристане да плаќа неработник. Овдека ќе треба да има посмело решение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАН(ЗВСКИ:** (продолжение)

Случај на еден работник кога ќе се вработи и има во семејството двајца или тројца членови, па од тие работат двајца, а има семејство од кои ќе треба да работи едно, а треба да издржува 15 души. Се прашувам тогаш што значи на работодавачот да му се на- ложи да му даде плата која ќе има социјално решение на семејството.

Вакви генерални одлуки носат само нејаснотија и лош третман во Законот за разрешување на потребата за вработување и отоварање на нови работни места.

Ние како заедница, како држава имаме потреба за отворање на слободни работни места. Уставна обврска е секој граѓанин под еднакви услови учествува на секое работно место. Ако вака се стипулира овој закон, да му се дава плата према решавање на социјалната положба во семејството тогаш граѓанинот не може да учествува равноправно за секое работно место. Тој ќе има подвоени интереси за стапување на тоа работ^ место.

Еден од колегите пратеници, не се сеќавам кој говореше, и јас ќе се задржам на тој однос, говореше за материјалната штета како може да се бара од работник ако ја направи односно работодавачот да ја надомести штетата на работникот. Тоа се членовите 131 и 132, па има во двете одредби по инакво решение.

Јас господо само ќе ве упатам на тој дел, кога се работи за правото на работникот, се бара Одлуката, ако е од работодавецот да нема согласност па дури тогаш да се оди на суд, кога треба работодавецот да ја надомести штетата се повикуваат на општите правила од облигационите односи. Штом договорот за работа се заснова по основ на договор и се дава императив да мора да се заклучи договор тогаш учесниците во договорот ќе имаат еднакви права и обврски по однос на

III/2.-

штетата. Тогаш и едните и другите ќе одат на исти односи на начелата на облигациите. Тоа би било систем по кој законот би можел да кореспондира со општите правила кои се однесуваат за надомест на штетата.

Мое е тука да укажам на предлагачот ова да го земе и на некој соодветен начин во овие две одредби најде пообмислена одредба која ќе ги задоволи и едното и другото.

Кога реков за престанок на работниот однос, јас со оглед дека законодавецот нудејќи два основа за престанок, едниот е дисциплински а другиот кога настапат одредени по закон утврдени услови, или технолошки вишоци, во однос намерите што можат да се изречат кога се говореше дека би требало тешките повреди на работните обврски точно да се предвидат, што ќе бидат, како ќе бидат и така со тоа да се постапува. Во ред е, се прашувам само едно господа, дали кога имаме договор за исполнување на обврски од една и од друга страна ќе можеме да одиме на дисциплинска одговорност. Кога говориме за праг на штета, и една и друга страна, дали ќе одиме на дисциплинска одговорност ако некој не доаѓа на работа. Треба ли некој да го моли да дојде на работа? Ако некој бега од работа треба ли некој да го моли да остане на работа? Ако некој иде на работа пијан треба ли да го моли да не доаѓа на работа пијан. Ако некој се испијани на работа треба ли некој да го моли да не се испијанчува на работа. Ако некој краде од фирмата треба, ли некој да го моли да не краде од фирмата. Во договорот ќе се предвиди ако вакви работи се сторат работниот однос престанува. Тоа е работа на одговорноста, а ако одиме без договор на работно време, на неограничено тогаш едните имаат права за сметка што другите имаат обврски, а кои права и обврски ќе се утврдуваат преку надлежните органи, а тоа е дисциплинската комисија.

Ако е правно лице во кое има тројца, директорот и двајца кои работат се прашувам овде сите да ми одговорите кој ќе биде составот на

дисциплинската комисија? Во дисциплинската комисија ќе треба да влезе и тој што треба дисциплински да одговара. Тогаш се поставува прашањето дали ќе може да работи Комисијата. Ова се навистина моменти кои мора да се прецизираат. Досега во договорната економија не можел никој да предвиди дека ќе има фирма од двајца или тројца или четворица вработени. Овде се говори генерално како да се сите фирми со 1000 или 2000, или 500 работници. Тогаш, се предвидува Синдикалната организација да учествува, ако дојде како синдикален работник да учествува во постапката, тој не ноже да биде член на дисциплинската комисија. По оваа форма на одговорност предлагачот не одлучил.

Понатаму, ако веќе се задржи ова кога на некои му дал право да нарекува јавна опомена, па парична казна која е административна и престанок на работа ефективна. Своевремено, не сакам да го пофалам тој институт, меѓутоа, ако веќе се оди на систем на одговорност па да се цени дали некој помалку или повеќе грешел кога во кривичното право што е предвидено како најстрога казна и најстрог однос на државата према извршителот на недозволените дејствија предвидено условно осуда, или условно мерка да ја издржува казната, било да е тоа парична или казна со затвор, овде нормално бис е поставил овој институт дали сега ако си направил некоја грешка, па постојат овие повреди не ќе може на некој да му се даде можност да остане на работа, меѓутоа, тој ќе биде виновен и законодавецот ќе треба да одлучи без разлика по кој основ е виновен работникот, право на штета ако по своја вина била водена постапка не му следува. Досега не беше така. Ќе успее поради административен пропуст, односно формален пропуст, или

дисциплинската комисија не била составена како треба , или предлагачот бил неовластен или било што се направи некоја грешка се поништува одлуката и веднаш тој после 7-8 години се врати и настануваат штетни последици за работодавецот. Сето ова ќе треба да има соодветен третман и одлучување.

Почитувани колеги по однос на казнените одредби за мене сметам дека во овој закон такви мерки би требало да не постојат затоа што се уредува договорен однос. Ако договорот го нарушува казна тогаш нема да биде казна договор.

Оние административни работи што треба да се доставуваат и контролираат, дали работодавецот на одреден орган дал известување или не, кога се кажува дека договорот се води на евиденција, кога од евиденција ќе се симне некој кој што е пријавен за работа претходно, тогаш апсолутно и евиденцијата во истиот момент е и направена Зошто да имаме втора обврска, кога имаме по службена должност направено есофицио евиденција. Затоа сметам дека и овие одредби не држат.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе го своето мислење по предлогот за донесување на закон. Ќе се надоврзам на дискусијата на г-динот Ковачевски кој во името на Комисијата за етнички и правни прашања на Лекарската комора на Македонија изнесе свои видувања.

Јас исто така мислам дека овие мислења, промените во членот 32, членот 36 и членот 61, како и членот 98 се издржани заради тоа што Комисијата кога ги предлагала овие промени водела сметка за состојбата во која се наоѓа здравството и допирните точки што допираат, односно, што се интересни за здравствените работници. Особено за

членот 36 каде се предлага да биде вградено и дежурство и да има третман на работа подолго работно време. Ова мислење го поддржува и Советот на Синдикатите на Македонија, а мислам дека предлагачот на законот ќе се обиде да го вгради. Инаку, сметам дека ние лакарите кои сме во Собранието ќе одиме амандмански и ќе се обидеме амандмански да го вградиме тоа.

Исто така, проблемот со дополнителната работа, за што и г-динот Ковачевски овде зборуваше, знаеме дека постапката на Уставниот суд е во тек. Кога се донесуваа измените на законот во здравството, Комисијата за здравство и поедини пратеници имавме амандман кој еднаш беше изгласан, па потоа се прегласуваше. Мислам дека предлогот на Комисијата за етнички и правни прашања на Лекарската комора на Македонија е во право. Овде се наведени уставните начела и не би. сакал пошироко да образложувам. Сметам дека предлагачот треба да се обиде ова уставно право на здравствените работници да го вгради во овој закон.

Исто така, за мене интересен е и членот 61 каде што Комисијата за етнички прашања мислам дека апсолутно е во право. Се работи за породилно отсуство над 40 дена. Нормално е дека тоа е во согласност со популационата политика, а популационата политика е обврска на државата> па би требало овие средства да бидат на товар на Буџетот, а не да бидат на товар на здравствено осигурување.

Членот 98 предлага покрај субјектите наведени во него да се наведат и коморите на одделни области, како што се лекарска комора, адвокатска комора итн. Тоа би било се за мислењата од Лекарската комора.

На крајот накратко би се осврнал и на материјалот ко^: сите пратеници го имаме добиено од Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, односно, од Претседателството кое има свои барања, предлози, ставови и мислења по Предлогот за донесувањето на законот. Знаеме дека пред извесно време заврши Конгресот на Синдикатите. Таму се слушнаа нивни мислења, а тоа се мислења на работниот човек во нашата држава. Се согласувам со тоа што Советот на Синдикатите забележува сериозно за почестото заобиколување на Синдикатот при донесувањето на клучни закони и други прописи со кои се уредуваат правата на вработените и нивната положба , поточно релацијата работодавач и работник. На нивна страна сум кога сметаат дека Синдикатот или претставници на Синдикатот треба активно да бидат вклучени во работата на Собранието на Република Македонија, кога се расправа за вакви закони, а особено за Законот за работни односи кој според мене претставува Устав на работниот човек или свето писмо по кое се одвиваат односите на релација работодавач и работник.

Не би ги коментирал сите мислења и предлози, туку ќе се осврнам само на оние што се за мене поинтересни.

Во точката 9 од мислењата и предлозите на Советот на синдикатите, како што рече г-динот Никола Стојановски, како и Комисијата за социјална и труд го има прифатено Предлогот членот 2 4 да се брише, а да се прифати алтернативата. Искуствата и сознанијата од примената на институтот трансформација на работниот однос на определено време во работен однос на неопределено време, во поранешните периоди укажуваа дека овој институт се злоупотребува со што невработените се доведуваат во нерамноправна положба. Мислам

дека праксата навистина покажа дека ова е фактички систем на мала врата, некој се прима на определено време, а после по принцип на автоматизам преоѓа со статус на неопределено време. Мислам дека армијата на невработени што чука на вратата на нашето стопанство или вонстопанство е обесправено. Мислам дека , а веќе има поддршка и од некои пратеници како и Комисијата за социјала и труд членот 24 да се брише , а алтернативата да се прифати. Мислам дека предлагачот ќе го земе ова во предвид.

Исто така и за категоријата дежурства што предлага лекарската комора да има третман на работа подолго од работно време гледам дека и Синдикатот има слично мислење па вели дека продолжено работно време како работно правен институт базиран на взаемна согласност помеѓу работникот и работодавачот е присутен во сите земји со пазарна ориентација и натаму останува недефинирано. Синдикатот предлага да се вгради во законот и истиот да се разработи од сите аспекти, а пред се од аспект на неговото временско ограничување. Значи, да се знае до колку може да трае тој третман на работа подолго од работно време дневно, неделно, месечно и годишно и правото на зголемен надоместок.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ**: (Продолжение)

Вакво мислење има и Комисијата за етнички и правни прашања на Лекарската комора на Македонија. И овде сум согласен со мислењето на Синдикатот, кога е тој одлучен против скратувањето на максимум траењето на годишниот одмор кој со член 45 став 1 се ограничува на најдолго траење од 26 дена. Се предлага да се задржи старото решение односно од траењето на максимумот на траењето на годишниот одмор, да се препушти со колективен договор. Јас мислам дек предлагачот ќе го земе и ова предвид.

Потоа став на Синдикатот е загарантираниот личен доход да се задржи и да се дефинира каско загарантирана плата во висина утврдена со постојниот закон за работни односи. Основна причина за ваквиот став е што најниската плата како предмет на договарање меѓу потписниците на колективните договори може да се случи да не биде договорено, како што покажува и праксата па вработените би останале фактички без законски и е договорена најниска односно загарантирана плата. Значи, сум за тоа да остане загарантиран личен доход.

Во членот 107 се предвидува учесниците на колективното договарање при определување на платите да поаѓаат од утврдената политика да плати и основни агрегатни големини на макроекономската политика за соодветната година. Со оваа одредба фактички се суспендира слободата на колективното договарање, а согласно со тоа се предлага да се брише. Од овие договарања јас не сум многу воодушевен. Во здравството потпишавме колективен договор кој сеуште не заживеал ниту ќе заживее. Тоа е еден шаблон што се провлекува од

оној систем од порано значи само на хартија се потпишуваат некои колективни договори. Затоа го поддржувам мислењето на Синдикатот за измени во членот 107.

И уште една забелешка мислам дека и овде Синдикатот има апсолутно право наием се предлага правото на докуп на стаж да се задржи ако едно од правата на работниците, за чија работа престанала потребата. Тоа е член 145 -и во истиот член став 1 алинеја 1 предлагаме правото на работа кај друг работодавец да се услови со еднакви услови или приближно еднакви, односно да се прецизира дали спогодбата се случува помеѓу постојниот и новиот работодавач или работодавачот и работникот.

И ова е последно во членот 161 правото на републичкиот инспектор за кој знаеме дека има големи овластувања, а во пракса не ги спроведува доследно и како што треба се вели дека инспекторот републичкиот инспектор на трудот треба да поведе постапка пред надлежниот суд ако работодавачот не постапи по наредба на инспектор да се дефинира како обврска а не како право. Значи да му даде обврска не тој да има право, па ако има право може да го користи или нема да го користи.

И сосема на крај, повторно ќе се вратам на мислењето на Лекарската комора и би го молел предлагачот на законот овие мислења што пошироко ги образложи г-динот Ковачевски да ги земат предвид, инаку ќе одиме амандманмански, ќе се обидеме всушност ќе се бориме да бидат вградени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ефтим Манев.

IV/3

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток, наиме дали со новиот закон не ќе биде потребно да се воведе став - кадровик.

Кога знаеме дека 200 илјади не се вработени од кои 20 илјади со високо образование без никаква перспектива за нивното вработување или нивната иднина. Ако во такво време измисливме посебен стручњак компетентен по политичко бидување како партиски определен, т.е. кадровик. Во досегашниот закон, дефинираност на звањето кадровик во поголемите јавни претпријатија и државни установи и управата се злоупотребува при уживање на разни привилегии. На пример од јавното претпријатие Ел. стопанство со г-динот Коле Спасовски, кога само по 15 дена работа добива кадровски стан од 120 $м^2$ без да се образложи од страна на Владата за неговата стручност, компетентност т.е. по нивно убедување кадровик. Со тоа мислам во понудениот закон јасно да бидат дефинирани т.е. дефинираноста на кадровите. Или знаењето на вработување на посебна група привилегии на вработени Од ваквите шетачи од кадри од установа во установа или од државни претпријатија, законот треба да нуди решенија за да не случи да изигрaваат посебна стручност, ќе им бидат потребни менаџери за да можат да ги претстават во работните организации, (од место упаѓа пратеникот Душко Николовски). Г-дине Душко и за тебе ќе кажам нешто, стрпи се,.или тие се последните послушници на привилегираните на поранешниот систем т.е. систем умирање и во последна фаза.

Г-дине Душко Николовски вие овде промовиравте ратни профитери, оставете секој да си каже што мисли за законот за работни односи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не упаѓајте од место.

Има збор г-динот Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Мислев да не се јавувам затоа што имаше многу забелешки и ќе ги прескокнам оние што беа изнесени, меѓутоа, има некои што не се изнесени па сакам да ги кажам.

Членот 24 веќе беше спомнат и јас мислам дека треба да се брише. И на членот 27 имаше забелешка работникот да може да биде распореден на друго работно место, не само според стручната подготовка, степенот на стручната подготовка туку во точно определена струка зашто премногу се манипулира со стручна подготовка или степен на стручна подготовка.

Во членот 33 на почетокот на третиот став треба да се додаде покрај "особено тешки" и зборовите "штетни или опасни занимања" зашто и на овој член имаше забелешки и потоа би се додале оние што беа предложени од некои колеги како опасни занимања, тешки или штетни занимања по здравјето на човекот. Значи, да не стои само тешки занимања туку штетени или опасни.

Во членот 56 ставот 2 да се брише.

Во членот 57 на крајот точката да се замени со запирка и додадат зборовите "од определени занимања". Исто така укажувам и членот 33е каде се предлага заради прецизирање на одредбите од овој член.

Во глава III точка 2 токму и заради тоа сакам да излезам затоа што не чув претходно да спомне "права на работниците по основ на

бременост и породување", треба да се додаде нов член кој ќе го регулира отсуството до работа на мајката односно неплатено отсуство за нега не дете до 3-годишна возраст.

Во членот 64 на крајот зборот "барање" да се замени со зборот "согласност" зашто жената може да работи подолго од работното време и ноќе ако има дете помало од 2 години само со нејзина согласност.

Во членот 10 6 зборовите "можат да" да се бришат зашто тоа не е законска основа и не би требало во законот да се одредува со зборовите "може ова или она зашто законот треба да биде прецизен и да остави што помалку дилеми..

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, она што сакав да го искажам по овој закон од досегашните дискутанти беше изнесено и во кратки црти телеграфски ќе кажам некој мои мислења.

Прво ќе почнеме иако другите рекоа дека законот ни е неопходен, бидејќи сегашната состојба во работничкото законодавство е таква, да не речам дека е несредена но е крајно ископлицирана. Работиме според стар закон за работни односи, имаме нови состојби во претпријатија, имаме едни органи за управување кои со уставните решенија не се во согласност, така што ситуација е доста несредена и е добро што побргу овој закон да се донесе. Нормално е овде да се каже дали предложените

решенија такви што се ги задоволуваат потребите. Јас сметам дека е направен одреден помак, мое мислење е дека недоволно направен тој помак. Имено, сметам дека предложениот закон премногу ги респектира постојните решенија прави некој континитет, за досегашните решенија во работното законодавство и сегашното кое сметам ако го задржи во понатамошната фаза на работа на законот многу ќе смета во ефикасноста на овој закон. Мислам дека такви искажувања имаше и од други дискутанти поготово г-динот Томе Стојановски од аспект на правна гледна точка навистина даде забелешки кои уште сега укажуваат дека така недоречените работи и таквите предложени решенија во континуитет практично ќе имаат една голема празнина во практичното решавање на проблемите. Јас исто така сметам дека законодавецот во тој дел треба да се обиде да биде појасен, бидејќи се сосема нови условите во кои треба овој закон понатаму да опстојува. Практично треба да се расчисти односот што значи труд од една страна и што значи капитал од друга страна. Тој однос мислам дека во овој закон не може добро да се види, се комбинираат некои постојни решенија и е неефикасно. Тоа мора да се расчисти и единствена е можноста да направиме излез од досегашна! комплицирана ситуација што ја имаме. Јас лично сметам дека ние досега со постојното работно законодавство имаме поголемо право од подлогата на материјалната основа. Сите имаме поголеми права од основата и со новиот закон тоа на некој начин мора да биде кажано и на некој начин да биде санкционирано, за да тоа понатаму а не ни се повторува.

Исто така треба да бидат дефинирани правата и обврските на двете страни во договарањето на работни однос. Јас се залагам тој договор да постои и да бидат јасно разграничени правата и обврските и

на работодавачот или како некој ги велат газдите новопечени бизнисмени со популарни имиња и работниците. Во основа треба да се знае кој се правата и обврските и на работникот и на работодавачот. Определени дискутанти се залагаат само за определени права права, права, а обврските на другата страна ги нема никаде. Според тоа во тој дел колку што се поголеми правата толку треба да бидат и обврските и тие треба да се следат. Мислам дека тоа во законот го нема доволно. Се согласувам ако веќе имаме закон понатаму нема потреба од постапки дисциплински вакви или онакви. Јасно е дека ако некој од договарачите ги крши, не ги исполнува условите на договорот на некој начин договорот е ставен под прашање, не може да опстои и еден од партнерите ќе го откаже. Дали тоа ќе биде работодавачот спрема работникот или работникот спрема работодавачот штом не постојат условите мора нешто ново да се случува или да се издејствува евентуално да се направи нов договор. Инаку да се им договор и да се имаат права и обврски и да се оди по судовите, јас се надевам дека нема да ни повтори она што ни се случуваше со Законот за здружен труд во кој практично не знам како да кажам тие судови бараа само некакви оправдувања и работи и никој пат не можеше да се дојде кој е во право или што е работна обврска. Повеќе исправавме социјала и т.н. Така мислам со овој закон тоа да го избегнеме. Понатаму, во законот сметам дека треба ако е можно а мислам дека е можно да с каже што решава законот, што решава колективниот договор а што решава општиот акт на работодавачот. Тие работи треба да се комбинираат. Ако дојде до комбинација станува еден босански лонец и нема во него крај. Се знае што е закон што е договор и да немаме случај што имаме денеска. Синдикатите наместо да се залагаат за правата од Колективниот

договор, тие се залагаат за политички права или се залагаат за решавање на раководства на управни тимови што е тотално надвор од колективните договори. И спротивна ситуација, она што е за колективни договори не го решаваат во договарањето синдикатите, туку го решаваат некои други. Мислам дека треба да се прецизира и тоа е можно. Исто така и тој општ акти на работодавачот да се знае што може да уредува а што е она што е посилно и не може да се уредува со општ акт.

Во делот на засновањето на работниот однос, отказот, преместувањето од работа не е доволно прецизно. Останува добар дел нешто што е и во постојното решение кое исто така максимално е искомплицирано. Треба да се обиде да се најдат прецизни правни одредби. Ако не можеме ние да смислиме, тогаш треба да ги,земеме од државите каде тоа е повеќе уходано со години, да го примениме така да ниту да ги штитиме работодавците ниту работниците, туку да имаме правна регулатива инаку ова и предложеното решение според мене не е доволно прецизирано.

Би прокоментирал уште некои дискусии некои барања во одредени дискусии, за кои сметам дека се на штета на работниците иако овде во дискусиите се искажуваат дека тоа се практично за работниците. Имено, имаше заложба дека рабодавачот треба да му обезбеди превоз на работникот. Јас морам да кажам дека тоа е една опасна одредба на штета на работниците, затоа што во фазата на засновањето на работниот однос ако ратодавачот има обврска да му обезбеди транспорт на работникот до работното место, нема да земе никогаш работник кој што треба да го превезува. Според тоа практично на некој начин го анулираме правото од Уставот дека секој има право да конкурира рамноправно на тоа работно место. Според тоа, не да ги брка, туку во

фазата на работниот однос нема да му дозволи. Се знае што може да с организира до работа и од работа, ако е група работници, а не поединечлни, затоа што може некој на пример да се јави од Скопје да работи во Охрид и сега работодавецот треба на конкурсот треба да му обезбеди транспорт до таму. Мислам дека таквите заложби се само на штета на работниците

Понатаму имаше залагање дека прецизно треба да се дефинира колку да изнесува одморот. Мислам дека во законот треба прецизно да се дефинира колку треба да изнесува работното време. Зашто овде се работи за закон за работни односи, а не закон за неработни односи Според тоа, се она што е дефинирано во законот за работни односи, сето друго е на другата страна, а не во законот да се кажува колку треба да одмара, колку да се работи што е нешто во перспектива.

Понатаму овде беше поставено прашање да се прецизира технолошкиот вишок. Јас морам да ви каж11ам ако законот почен да бара решение дека технолошкиот вишок треба да остане во работните организации, практично имаме една иста ситуација каква што имаме сега. Технолошкиот вишок ќе мора да постои и тој мора да биде грижа на државата и само така може да имаме и добра продуктивност така да имаме добри плати и можеме да имаме некои технологии што во светот се проектираат и се спроведуваат. Доколку ние бараме да нема технолошки вишоци, да нема откази од работа дека сите треба да работат, тогаш треба да се вратиме на договорната економија дека треба да имаме договорни цени, договорни плати, договорен број на работници и ништо повеќе. Според тоа, таквите заложби мислам се на штета на она што ние сакаме да се трансформираме.

Спрема тоа, тоа е секаде така, а обврските на работните организации и на претпријатијата се спрема државата што ќе бидат виза ви даноци и се она што треба да го плаќаат за една социјална програма, каде што работниците кој ќе останат без работа заради структурни технолошки прилагодувања треба да најдат своја заштита. Во противно ако во законот внесеме дека не може да има технолошки вишкови никој пат во нашава земја нема да влезе стран капитал бидејќи ние скоро во целото стопанство имаме преголема превработеност.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас ќе се обидам да го респектирам тоа што Владата понудила предлог за донесување закон, но мислам дека и дискусиите треба да ги прилагодиме на соодветната фаза во која законот сега се наоѓа и расправа во Собранието. Немаме голема дисонанција, ниту пак од понудените амандмани се гледа дисонанција за скоро сите крупни работи што се нудат во законот и за сите проблеми што се третираат прво дека сакаме приватизација, второ дека имаме согласност кој дел од. капитал и кој дејности во РМ се подложни на приватизација. Имаме согласност и тоа што не може да се приватизира, согласност имаме околу формирањето на специјалната агенција за приватизација, околу поделба на претпријатија од аспект на начинот на приватизација на капиталот, мали,средни и големи, околу постапката на приватизацијата, заштита на правата на поранешните сопственици или нивните ж

наследници, околу технологијата на остварувањето на приватизацијата околу видовите на приватизација на малите, средните и големите претпријатија итн. итн., за што во Собранието веројатно ќе имаме преднацрт фаза и предлог закон.

V/1 СЈ/ЛБ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ** (продолжение)

Во тие фази ќе можеме и по конкретно за одделни решенија  и за одделни членови кои се предлагаат да ги дадеме своите сугестии или како предлози во нацрт фази,, или како амандмани и мислам дека не треба да се оптоваруваме со тоа да расправаме за сите поодделни решенија, а почнувајќи од тоа кој какво право има за скратено работно време, дали лекарската комора предложила, стопанската комора предложила сега некои видувања по одделни членови и мислам дека тоа е дискусија која сигурно ќе се повтори и во последната фаза на законот и затоа мислам треба да инсистираме на тоа сега да разговараме сепак за потребата на овој закон и за евентуално на некои покрупни размислувања околу по содржински работи кој овој закон ги опфаќа.

Во таа насока јас би сакал на кратко да ги опфатам само две работи и за нив да дискутирам.

Прво лично имав дилема и сеуште имам , меѓутоа мислам дека би предложил до Владата и до Собранието да во наредните фази од донесувањето на законот се направи повторно еден обид да се разгледа законот од аспект на тоа колку е нормиран , колку е пренормиран, колку е да речеме поднормиран односно колку се нормиран: доносите кои ги уредува овој закон и можеби е нелогично, меѓутоа јас би застанал на онаа страна од аргументите кои би гласале во корист на тоа законот има голема нормираност во себе, да содржи што поголема нормираност и тоа го поткрепува со следново:

Прво, овој закон веројатно е еден од оние закони кои во најголем дел или можеби во најголем дел го уредува индивидуално на секој од нас живото. Ако појдеме' од идеалите за три осмици пред повеќе од 100 години секако дека последните две осмици се претопуваат на некој начин една во друга или не знам како и факт е дека оваа едната осмица е прилично стабилна и таа има тенденција да се зголемува можеби во

V/2

текот на денот и токму затоа мислам дека токму тој дел од животот кој секој од нас неминовно го поминува под услови на овој закон мора да е многу децидно номиниран и тоа со законски решенија. Зошто го зборувам ова. Затоа што мислам дека тоа е мое мислење, може од Владата да биде прифатено или не, може од ова Собрание да биде прифатено или не, мислам дека во оваа фаза развојот, треба да имаме закон за работни односи во кој што ќе им што поголем број од односите кои се уредуваат инкорпорирани во законот, а што помалку решение во врска со работните односи да се остави врз основа на членови од законот што ги уредува Владата, некој друг орган итн. со прописи,со подзаконски акти. Мислам дека стручната улога треба да ја има законодавниот орган заради важноста на областа која се разрешува па нека се сфати тоа и како наднормираност во сферата на работните односи, меѓутоа мислам дека треба што поголем број на тие работи овде да ги обезбедиме се разбора со тоа. да не ги предизвикаме обратни ефекти за кои зборуваше претходниот пратеник Симеон Ивановски и со тоа да насетиме она што не сакаме да насетиме, на техничкиот процес на економскиот процес на претпријатијата итн. и понатаму мислам дека бар од процедурална или од техничка гледна точка овој закон јас би направил обид или би сугерирал до предлагачите да прават обид што е можно повеќе да биде законска регулатива, а што е можно помалку да биде уредување на односите на оваа сфера со подзаконски акти, особено со одлуки на Владата, со одлуки на надлежниот министер, со колективни договори итн. од повеќе причини, нели, за кои зборував, и мислам дека сепак законот е нешто потрајно нешто за што ќе има поголем консензус во државата доколку се уредуваат тие односи, нормално дека Владите и министрите во однос на парламентите, воопшто не асоцира на постојните кадровски решенија, се секогаш по менливи структури.

За тој прв дел мислам дека треба Владата да направи дополнителни согледувања дали во оваа област нормирањето на односите да биде што поголемо во рамките на законот, а што помалку во рамките на другите акти.

И, втората работа која можеби исто произлегува од првата работа, од првиот предлог е делот околу колективните договори. Сите се повикуваме на тоа дека колективните договори се нешто што историски постои како традиција особено со појавувањето на индустриското општество и би укажал на една друга тенденција, мислам дека со овој закон, како и со досегашните решенија од некои закони кои беа наши или кои ги имавме преземено од поранешните сојузни закони се даваат преголеми надлежности на колективните договори и мислам дека со тоа законодавната власт на државата дава преголема надлежност на три структури за кои јас лично не би, имал голема доверба да можат да ги уредат односите во работната сфера на начин кој би бил општо прифатен особено заради тоа што во овој момент во Македонија минимум две од тие структури воопшто не се дефинирани, нити се прецизно дефинирани, за да можат на таков начин да ги изразуваат интересите на оние кои ги застануваат и тука пред се мислам на Синдикатот, јас се слагам со забелешките дека во Законот не може да се апострофира само една синдикална организација во услови кои постои плурализам за синдикалното организирање.

Прво, синдикатите во Македонија мислам дека ниту се формациски ниту се организационо така оставени во овој момент да ние можеме со закон да ги овластиме да ги застануваат интересите од таа страна на 600 илјади вработени во Република Македонија, веројатно цифрата е тука негде околу 600-тини илјада вработени, затоа што во организирањето е плуралистичко и во овој момент тие немаат една организација, федерација или конфедерација или како би ги нарекле каде што сите се

слагаат околу таа работа за да нив ги претставува, и

Второ, мислам дека се недоволно организирани за да можат во името на сите вработени да можат да ги застануваат нивните интереси. Сметам дека во овие. преодни периоди тој дел од надлежностите се разбира нешто би останало во колективното преговарање, меѓутоа еден добар дел од тие надлежности не е лошо да се уредуваат и со закон. Ова иокажува заради тоа што мислам дека од една друга страна во колективното преговарање исто така немаме сосема добар легитимитет да се преговара во име на работодавачите, да речам, а тоа е стопанската комора заради тоа што сите знаете и стопанската комора уште повеќе е отоварена со разни проблеми околу тоа кој се членува око таа комора, кој членува во друга комора, сега кој ја признава, кој не ја признава и дали таа може да ги застанува интересите на сите работодавачи. Во такви услови мислам дека колективиите договори кој после тоа ќе се однесуваат во основа на сите вработени ќе бидат заклучувани помеѓу органите, нема да го имаат легитимитетот ни на страна на работниците ни на страна на работодавачите, на мислам дек оваа фаза би било добро со закон да се уредуваат, а не и на Владата да и се препуштаат некои, општо зборувам, не за оваа Влада, и за овој парламент,ниту за оваа комора ниту за овој синдикат туку општо во овој период, мислам дека би требало повеќе од тие односи да се уредат со закон, а не во законот да се дава овластување за колективно преговарање, иако во законот сега за колективните договор се предвидуваат корективни механизми ако не се постигнуваат договор мислам дека досегашната пракса покажа колективните договори наместо да претставуваат инструмент во рацете на оние кои се заинтересирани околу преговарањето, тие напротив почнуваат да стануваат хендикеп во рацете на оние кои треба да се договорат. Ни едните ни другите ни третите не можат да го постигнат тоа што го сакаат и само се врзува

V/5.-

работата преку ова во негативен смисол на зборот.

И, на крајот доколку од Владата има некое видување и во расправата би сакал да чујам дали Владата при изготвувањето, односно надлежното министерството при изготвувањето на законот ги респектира и документите и конвенциите кои постојат во меѓународната организација на трудот од Женева.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Само накусо, се приклучувам кон потребата за донесување на овој закон, но мислам дека е преопширен и сеуште доста идеологизира! сеуште не може да се оддели од законот за здружен труд кој што претставување една мала декларација на човековите права, но само права затворени во едно стаклено ѕвоно, цврста одговорност не постои. Така да мислам дека треба да се ослободи од некои работи што се недоволно или конфузно искажани и се слагам со мислењата дека не треба да постои разлика меѓуколективните договори и Законот за работни од- носи и тие треба да бидат така да речам како јајце на јајце за да немаат одредени дубиози и проблеми од областа на работните односи.

Не заради приклучување на мислењето на лекарската комора туку заради функција на здравствената служба во членот што ја третира продолжената работа потребно е да се предвиди и институцијата дежурство и приправност и би сакал да помогнам со едно размислуваше околу членот 61 кој што го третира прашањето на породилното отсуства. Овде, во предлог законот стои 270 дена или тоа е 9 месеци. Тоа зависи од материјалната снага на државата, а засега знаеме дека породилното отсуство иако не претставува здравствена заштита паѓа на товар на фондот за обврзно здравствено осигурување врз начелото на взаемност и солидарност. Не знам дали има средства за толку голема солидарност за породилно отсуство од 9 месеци. Или ако го компарираме тоа со некои цивилизирани земји, би сакал да го кажам следното:

V/6.-

во Австрискиот закон за работни односи породилно отсуство следува 8 недели пред и 8 недели по или вкупно 4 месеци. Во Норвешкиот закон 12 недели или пак 4 месеци. Во Чешка 18 недели или 4,5 месеци. Меѓутоа, овде се доставува и едно друго прашање дали веднаш жената која е бремена која што ќе се вработи го станува правото на породилно отсуство заради тоа што во пракса постои еден анахронизам, кога забременуваат жените обично се вработуваат, не заради работа туку заради плата за тие девет месеци и тиа е добро. Меѓутоа добро е за конкретниот субјект што го користи тоа право, меѓутоа, цивилизираните земји предвидуваат пред добивањето на тоа право на користење на породилно отсуство исто така еден период на вработува и тој обично се поклопува толку колку што е правото кое што се стекнува од работниот однос за породилно отсуство, толку е израмнето за претходен статус од работен однос. Значи да има еден- одред работен стаж за да може да го користи ова право како апсолутно право.

Во членот 64 велиме. да не може после, две години по породувањето, да не може две години да работи подолго работно време и ноќе. Мислам дека тоа е многу предолг период. Тоа е многу добро, меѓутоа тоа е за богатите земји. Особено да не може да работи ноќе и ноќе две години после породувањето бидејќи имаше искажано релевантно гледања дека породилното отсуство не е болест туку тоа се дава за друга намена, односно заради нега и закрепнувањето на новиот член семејството.

Во тој смисол и околу боледувањето, исто така сакам да укажам заради една исправност за користење на боледувањето. Знаеме дека заради боловање при овој модел на сопственост, неизвршена уште трансформација дека многу луѓе користат неоправдани боловања и дек многу средства се одливаат за покривањето на боловањето. Во овие земји кои што не Опкружуваат, Австрија, Шпанија, Норвешка, обично лекарот има право да даде 15 дена боледување, меѓутоа првите три

четири денови не се плаќа боловање. Оној што навистина е болен на вистина го зема боловањето за болест, а не за заработувачка.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас имам неколку забелешки на Предлогот на законот за работни односи и тоа на следните членови:

Во членот 2 4 вработувањето ан определено работно време не е доволно дефинирано и се добива Впечатокот дека постојат можности за манипулација, односно за лесно преоѓање од одредено време да се преиначи на неопределено работно време.

Второ, во тој член мислам дека е неопходно да се додаде точка х!ОД која ќе се каже дека најмногу во однос на вработувањето најмногу бодови се носат по основ на чекањето за работа затоа што ние и самите знаеме дека по сите профили, почнувајќи од неквалификувани а до факултетски образовани невработени некои чекаат и по пет или шест години и тешко доаѓаат до работа, а некои само што завршиле се вклучуваат во работа. На тој начин така би се избегнал тој проблем.

Во членот 135 точка 8 каде што се третира можноста за вработување на лица по 65 години, односно наврШени 40 години работен стаж мислам дека ова е една уставна определба, така беше на мислење и Комисијата за труд и социјала и ова доколку не сакаме да прими можеби некои пошироки размери и на тој начин го лимитира новото вработување на новозавршените со факултет, мислам дека може да се набројат исклучителните занимања професори од различни профили, медицински факултети, технички науки итн., луѓе кои на некој начин со своето продолжено време повеќе ќе создаваат можности за нови вработувања.

Членот 32 и членот 45 тука се третира скратеното работно време од 32 на 30 саати и продолжен годишен одмор. Лекарската комора покрај

другото има дадено предлог за вработените во одделенијата на интензивна нега, за здравствените работници вработени во затворските здравствени организации, амбуланти итн. Мислам дека ова е сосема оправдано заради тоа што сите други кои- што се вработени како профили во затворите, мислам правници, полиција итн. тие ги користат бенефициите и нема причини заради тоа што најмногу доаѓаат во искушение здравствените работници и тие да не бидат по тој основ бенефицирани. За интензивна нега и да не зборувам, вие самите знаете колку е нарочна работата. Мислам дека отворено наброените служби на пример хируршките гранки, хирурзи, гинеколози, очни и ушни лекари итн. кои што се бават со Оперативна техника, понатаму рендгенолошки служби, неуролсихијатриска служба, овде рентгенолошки мислам и на радиолози кои се бават со радио терапија. Треба точно со законот да се дефинира кои «од кои. услови кога работат го стекнуваат тоа право, кои служби, заради тоа што ние денеска конкретно во Македонија постои една слика на најразлични толкувања, некои на пример хируршки служби овој законски основ го користат, други не можат итн. тоа треба точно да се прецизира и да биде така и на тој начин регулирано.

Во членот 36 се зборува за дозволеноста за прекувремено работење, конкретно во здравството, за дежурство. Мислам дека дежурството како што е и назначено во писмото од Лекарската комора треба да биде во работен стаж, а тоа значи делот на исплата кој се дава на оние кои што дежураат да се плаќа бруто и на тој начин да добиваат по кој основ да влегува во стажот.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Така дошло до предвремено пензионирање на здравствени работници, односно на вработување на нововработени, затоа што вие сами знаете дека се вршат бројни обиди, бројни лекари на некој начин да се вработат, се атакуваше и на дежурствата, меѓутоа, не се наиде на разбирање во клиниките, но мислам дека ва- ков начин кога законски би се регулирал најверојатно голем број на лекари би се откажале од дежурство и со тоа би се отвориле нови работни места и со тоа би се решил овој проблем.

Во членот 36 сметам дека сменската работа не треба да биде 35, туку 3 0 часа односно шесчасовен работен ден, тие два часа некако да се регулираат да не се работат затоа што ќе се создаде еден биолошки ритам кој на некој начин со тоа ќе се на- руши. Ова е и поради тоа што на нашата комисија имавме научни работници кои го истакнаа овој проблем вршејќи одредени тестирања, работни организации кои поминале на шесчасовно работно вре ме со едногодишно искуство и следење на продуктивноста на работа та далеку дошле до поголема продуктивност од една страна, а од друга страна се врши зачувување на здравјето на вработените, исто така се создава можност за нови вработувања во работните организации.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници ќе бидам краток, оти досегашните дискутанти ги опфатија скоро сите членови, па јас би направил само една забелешка на еден член, а пред тоа би рекол дека навистина има потреба од

донесување на овој закон, но дали законот не доцни многу и дали не требаше да се донесе прво како закон, а потоа да се одеше на формирање на агенции и закон за приватизација ка- де ќе беа одредени нормите за засновање на работен однос.

Ќе направам само една забелешка на членот 5 - правата од работен однос утврдени со Устав, закон, колективен договор каде стои дека не можат да се одземат. или ограничат со акти на договарачот или работодавачот. Истото ова стоеше и во досегашниот закон и се плашам дека и ова ќе се пролонгира како и до сега во зависност од донесениот владетел, односно работодавач во стопанската организација со тоа што би го конкретизирал со следното:

Оваа одредба не се почитуваше во многу колективи, а конкретно би рекол за РЕК Битола. Барајќи ги своите права за примања и други, со Уставот загарантирани права и тоа цел колектив кренат на нога од 2.500 души кои штрајкуваа за правата каде немаше никакви забелешки за политичко одбележување со внатрешен акт на работната организација беа отпуштени над 2.300 души суспендирани времено. Што значи тоа? Примаа плата 80%, а седеа дома, а на работните места беа донесени други работници од други работни организации каде се направија тродупло поголеми трошоци, а каков е ефектот од работата од неусогласените нови работници на работните места, тоа е друго прашање.

Затоа велам дека овој закон ако го донесеме како таков не треба да доживее ваков крах. Ова би го надоврзал со претходните дискутанти кои рекоа дека имаме коалистички синдикат и така почнуваме да работиме. Јас со тоа не се согласувам, тоа одговара на спротивното. Токму тој синдикат не се почитуваше иако синдикатот го организираше штрајкот и се беше во ред и немаше никакви забелешки, синдикалните организации не беа за отпуштање, а некој си Коле Спасовски ги натера,

како што цитираше претходниот дискутант Ристо Јованов ги суспендира сите работници како да е тој престолонаследник во РЕК, а не како директор и затоа сметам дека немаме постојанен синдикат, но постоел некој режим за зацврстување на власта. Спрема тоа, и овој синдикат- не се согласувам дека има таков политички осврт затоа што со самото отворање на новиот Конгрес на синдикатите што се одржа пред некој ден, главната реч ја имаа политичките претставници на Републиката - премиерот. Премиерот е политичка личност и другите тие го отворија синдикатот и оттука се знае дека уште сега се насочува тој синдикат како треба да работи во служба на една партија која е на власт.

Овој закон ако не се провери, односно ако не се даде цврста гаранција и ако вака се продолжи што би станало понатаму. Значи, пак ќе се применува истата политика и само ќе имаме напи- шан закон на хартија, како што беше и до сега и ќе преовладува волјата на големите великани и стратегиски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Горгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Хендикепиран сум што не ја следев расправата до сега, па оттука ќе се потрудам по начелните забелешки од Законот за работни односи да бидам пократок, односно да ги изнесам основните мои забелешки кои се во функција на донесувањето на Предлогот за донесување на законот, а на почетокот да искажам едно свое мислење дека е неспорна потребата од донесување на овој закон и се приклучувам кон оние кои укажуваат на тоа дека овој закон е еден од основните  или фундаментални закони кој

ќе биде во функција на спроведување на еден процес кој го имаме посебно во делот на трансформацијата на општествениот капитал, тоа значи дека не може да се замисли трансформацијата и реализацијата на трансформацијата на општествениот капитал до колку соодветно не се уредат односите, посебно во работното законодавство.

Тргнувајќи од уставните одредби како основа за востановување на нови општествено - економски односи во кои се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото еднаква правна положба на субјектите на пазарот без оглед на видот на сопственоста се наметнува потребата од нов пристап во спроведување на односите во сферата на работното законодавство. Затоа е потребно во постапката за донесување на регулативата од оваа област да се донесе закон кој нема да претставува само усогласување на досегашната регулатива со новите промени, туку да се промовира сосема нов концепт на работни односи соодветни на односите помеѓу трудот и капиталот со јасна положба на нивните репрезентенти, а тоа се работниците и работодавачите.

Неговите решенија ќе бидат толку применливи во пракса колку ќе се овозможи исполнување на посебните и заедничките интереси на трудот и капиталот без фаворизирање на нечии посебни интереси. Треба да се тежнее да се обезбеди социјален мир врз основа на взаемно усогласени економски интереси на трудот и капиталот, водејќи сметка дека од обемот и видот на правата ќе зависи и цената на работната сила.

Правата на работниците утврдени во овој предлог гледано од аспектот на економската развиеност на Републиката се определени, тоа е една од моите забелешки, над реалните економски можности а некои

поголеми и од оние кои се остваруваат во значително поразвиените земји. Притоа тие права се определени линеарно и еднообразно што е инкомпатибилно со пазарната економија. Приватната сопственост и претприемаштвото, а пред се со концептот на колективното договарање како основен облик на уредување на работните односи во радикално изменети општествено - економски услови во Републиката.

Во Уставот не постои правна основа државата со закон целосно да ги уредува односите помеѓу трудот и капиталот, освен кога се работи за јавен интерес. Тргнувајќи од ова, потребно е законот да содржи императивни одредби кои би обезбедувале минимум права на вработените и би ја утврдиле нивната положба како устав- но гарантирана, односно да се обезбеди долната граница на тие права, а да се оствари можност тие права да бидат остварувани во обем кој ќе го договараат претставниците на работниците и работодавачите преку системот на колективното договарање. Тој систем на колективно договарање посебно е обработен во законот и сметам дека треба да се поддржи. Со тоа ќе се придонесе за рационализација на работното законодавство со напуштање на досегашната пракса со закон да се уредуваат основните работни права или институти засновање на работен однос, видот на работниот однос, престанокот на работниот однос, односно дисциплинската одговорност што беа елемент на законско уредување во услови на општествена сопственост и правото на работа со општествени средства.

Посебно сакам да укажам на една забелешка во делот на институтот отказ кој треба да биде утврден на сосема поинаков начин, бидејќи не се работи за меѓусебни работни односи туку работни односи што се востановуваат со договор за работа, во кои странките јасно определуваат свои права и обврски, а со неисполнување на

договорените обврски договорот се раскинува или престанува. Доколку тоа така се уреди, би било добро во законот да се утврдат обврските на работодавачот, можност и за материјални обврски во случај кога работникот ги исполнувал работните обврски, а сепак во договорниот однос бил раскинат.

Во делот на престанокот на работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични потреби се цени дека е потребно да се утврдат решенија кои финансиски ќе го растоварат стопанството од вишокот на работници за сметка на државата која тие проблеми би ги решавала во рамките на една утврдена социјална програма.

Оттука сметам дека овој закон има допирни точки со сите други промени што се прават посебно сега кога сме на пат да расправаме по однос на стабилизационата програма која сигурно не- ма да биде одмината и во делот на засниваењето на работниот однос.

Не знам до сега дали имаше предлог, а сметам дека би требало Предлог-законот да се донесе во три фази, односно по усвојувањето на Предлогот за донесување на закон да се изготви Нацрт и во рамките на расправата по нацртот да се изготви Предлог на закон кој ќе ги опфати забелешките што јас ги дадов, а најверојатно и забелешките кои претходно беа упатени од страна на другите пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Алиу.

**ХАМИД АЛИУ**

Господа пратеници ценето претседателство. Немав намера навистина да дискутирам, меѓутоа, од тоа што беше изнесено од оваа

говорница, а мораме да признаеме дека сакаме закон како што ни се сака. Односно треба практично да имаме 120 варијанти на ваков закон кај нас.

Прво, мораме да разликуваме што е социјална политика, а за жал мораме да признаеме дека ни една бивша социјалистичка држава што била нема јасна програма на социјална политика, па и ние немаме.

Второ, синдикатот, тој синдикат нека работи дали по методот или формите на пазарното стопанство и

Трето, односно најглавно што ни е денеска на дневен ред тоа е Предлог-законот за работни односи.

Ако е така, јас морам да признам дека од овој закон очекував доста радикални промени што, за жал, ги нема законот, а исто така е факт дека некои закони што сме ги донеле до сега и што ќе ги донесеме нема да имаат такви радикални промени поради тоа што припремачите на законите сме се навикнале на едно договорно стопанство, а не радикални промени. Оттука одиме во една крајност да зборуваме за германското стопанство, јас навистина би го прифатил секое мислење ако е научно или практично аргументирано или да одиме до таа крајност да кажеме дека за ова општество или за оваа Република најбитен ќе беше овој закон, туку законот за трансформација на општествениот капитал, што нема никаква логика. За мене е еден фундамент закон за трансформација на општествениот капитал, а би додал ако е основата, спрема искуствата на англогерманската наука и практика на Законот за транс формација на општествениот капитал, тогаш и законот за работни односи и другите закони од правен аспект треба да го имаат Фундаментот на овие две земји и врз нивното искуство да ги донесеме.

Трето, никаде од дискусиите не забележав нешто да се дава односно некој да се залага за нешто ново и да каже што би значело тоа новото. Потполно се согласувам со господинот Никола Поповски што практично рече дека не знаеме во која фаза е законот.

Четврто, не можеме да усвоиме закон од секој дали е правник, економист, лекар како што^тој го замислува.

Петто, што е најбитно секој од нас зборува за пазарно стопанство, меѓутоа, во своето сфаќање исто е за договорното стопанство што го имавме до вчера односно да бидам уште појасен секој мисли дека до петок да биде во пазарно стопанство, а во сабота и недела да биде во стопанство во кое бевме до сега во тој социјализам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам сосема краток, бидејќи навистина имаше доста дискусии и верувам дека имаше конструктивни предлози кои ќе придонесат на изготвувачот на овој закон да може да ги вгради во натамошната постапка на донесување на законот.

Би сакал само да кажам дека ја поддржувам потребата и мислам дека има потреба од донесување на овој закон не само што има потреба, туку морам да ја кажам и јас таа констатација што ја рекоа поголем број колеги пратеници дека навистина доста доцниме со овој закон, па се надевам дека ова што беше предложено од некои колеги овој закон да оди во три фази, мислам дека и понатаму ќе доцниме и сосема би било

доволно овој закон сепак да се согласиме да оди во две фази односно сега овој Предлог за донесување на закон и Предлог на закон, затоа што мислам дека потребата од овој закон е повеќе од тоа отколку да одолговлечуваме и неговата примена да биде што подоцна.

Мислам дека треба да се согласиме и да направиме на- пори и овој закон, пред се, по мене, би требало да претставува закон кој треба да ја поедностави постапката за прием односно отпуштање на работници, а јас би рекол за прием на добри работници и за постапката за отпуштање на неработниците. Со тоа, на некој начин би се овозможила поголема флуктуација на работната сила односно би се создало она што во пазарната економија е познато како пазар на работната сила.

До колку овој закон постигне таа постапка да биде многу поедноставна, а притоа да не биде отворена, во секој случај треба да биде прецизирана за да не остави услови за подоцна за водење на одредени судски постапки заради докажување на правичноста во постапките затоа треба да биде прецизен за да не доаѓа до создавање услови како што беше досега практиката зад одредени наши закони кои требаше да бидат во функција на работниците со нив да се штитат воглавно неработниците.

Оттука мислам дека и се залагам за една демократичност во пазарот на работната сила, при што навистина ќе можеме одредени работници, пред се работници кои се квалитетни и стручни да можат, до колку одредени работодавачи најдат за сходно тие работници да можат да ги стават во функција во своето претпријатие, од носно својата работа за да можат со одредена процедура и постапка на некој начин по принцип на менаџерство и пазар да можат да ги добијат, а притоа во

процесот на работењето да е што поедноставна постапката околу ослободувањето на оние кои не ги извршуваат работните задачи и оние кои пречат во извршувањето на работните задачи и не само на нив, туку и на другите во технолошките процеси.

Оттука велам дека ние кога донесуваме закон обично со тоа, во буквална смисла на зборот се мисли дека треба да содржи одредени санкции заради казнување или санкционирање на одредени случаеви, одредени моменти во одредена сфера.

Мислам дека овој закон, покрај тоа што мора да ги задржи тие тенденции и насоки за санкционирање на одредени состојби по мене би било уште поважно до колку со него успееме да постигнеме едно стимулирање на одредени работи кои, пред се, би биле, како што реков во подобрување на работната дисциплина и подобрување на производството како во квалитет, така и во квантитет.

Кога сум веќе тука би сакал да кажам одредени мои размислувања на забелешките кои беа дадени од еден број дискутанти кои во претходната постапка рекоа дека со овој закон се скратуваат деновите за годишниот одмор, бидејќи од сегашното максимизирање на годишните одмори од 30 дена годишно тие се сведени сега на 26 дена.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ: (**Продолжение)

Доколку правилно се сфати законот, воопшто не доаѓа предвид некое намалување на деновите за годишен одмор. По моја математика, дури, би дошло и до зголемување, затоа што доколку се прифати работното време кое се предвидува од 40 работни часови неделно, а тоа претставува 5 работни дена, значи работната недела ќе биде петодневна, во тој случај со 26 работни денови годишен одмор се зафаќаат повеќе од 5 недели, а 5 недели во сегашните услови претставуваат 30 дена, а овде практично имаме еден ден повеќе, што значи годишниот одмор со овој закон се зголемува, а не се намалува при еднакви усвои кои беа досега предвидени со постојните закони кои ја регулираа оваа материја.

Бидејќи со големо внимание го читав овој закон, морам да кажам една моја констатација, тоа беше искажано, а таа констатација ќе ја потврдам и јас дека не се оддалечува многу од досегашните закони кои ја регулираат таа материја,. бидејќи јас навистина очекував една порадикална промена во смисла на тоа дека навистина овој закон треба да го прилагодиме на едно пазарно стопанисување, она што реков на почетокот на една подемократична постапка околу приемот и отпуштањето на работници, односно можноста за една поголема флуктуација на работната сила. Мислам дека оние кои го пишуваат законот не можеле ни за малку да се одвојат од досегашната процедура околу оваа материја и мислам дека во наредната фаза од сите дискусии што беа искажани во парламентот предлагачите што го изготвија овој проект на закон ќе ги прифатат овие сугестии и пред се ќе дадат една поголема радикалност и поголемо прилагодување и одвојување, од досегашната состојба и поголемо прилагодување на состојбата во која сакаме да поминеме. Еве тоа се моите кратки сугестии.

VII/2.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа јас сакам накратко да се осврнам на Предлогот за донесување на закон за работни односи. Таков закон кај нас едноставно е неопходен и во таа насока го подржувам предлогот.

Имаме една темелна забелешка, а се однесува на користењето термини и моја сугестија е, во иднина, да не ставаме во нормативи во нашите норми во законите поим работни туку работоприматели, слично на она што го ставаме за работодавците и ценам дека тоа ќе биде во согласност со сегашниот тек или сегашниот миг во општествата со пазарно стопанство, со пазарна ориентација на стопанисување и дека нам ќе ги го олесни приклучокот кон нивните норми.

Инаку, мое гледиште е дека треба да се води грижа и во овој закон за стручната надоградба на работопримателите. Ако добро па- метам концепирано е по барање на работодавателот да бидат упатува- ни вработените на курсеви, на дошколување, но ако е тоа само во нивен интерес. јас мислам дека тоа е малку. Едноставно технолошкиот напредок е повеќе од видлив и е широко општествен интерес, претставува општествен интерес и државата да води грижа за дополнителни курсеви за дополнителна квалификација. :Ова и кај на ќе се наметнува се повеќе бидејќи сакаме да излеземе од криза и стопанската ситуација да ја доведеме горе долу во подносливи рамки.

Инаку, стабилизационата програма која Владата евентуално би ја водела, што за жал втора година на ред не ја гледаме, обично во парламентите се гласа за некаква владина програма или против неа,

ретко кога за кабинетите, но еве ние велам немаме и натаму стабилизациона програма, сега никаква концептирана програма не треба да ни биде лимит при зацртувањето на овој закон кој во основа ги регулира работните односи . По мое видување, тој треба да биде надвор од тековната владина политика.

Исто така, сметам дека во овој предлог што го добивме во вид на нормативa не е на доволен начин укажано на последиците што би можеле да произлезат доколку имаме односно доколку дојде до нарушување или напластување на интимните прашања на вработените од страна на претпоставен во фирмата, во претпријатието, а може. да биде и од страна на работодавателот. Јас сметам дека денес во светот на големи врати се дискутира за овие појави и се прави обид. на секакви форми да се ослободат вработените од било какви интриги на раководниот кадар во претпријатието или во фирмата, така што би сакал во овој закон да видам нешто поконкретно какви ќе бидат санкциите за оние кои напаствуваат вработени на било кој план, дали на интимен план, дали нивните семејства ги инволвира итн. Тоа не е прашање кое треба да биде третирано исклучиво во кривичните одредби.

Засега би имал толку, па во натамошните фази би се обидел и повеќе конкретно да придонесам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Бошков рече 20-етиот учесник во расправата по Предлогот за донесување на закон за работните односи.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Има збор господинот Иљас Сабриу, министер за труд и социјална политика.

VII/4.-

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во денешната расправа како што укажа претседателот учествуваа 20-тина пратеници што само по себе укажува дека и те како овој закон предизвикува интерес кај пратениците , а и кај пошироката јавност бидејќи се работи за еден системски фундаментален закон кој ги регулира прашањата, би рекол најчувствителните прашања во областа на работните односи и тоа не само за работодавачите и работниците, туку и пошироко на целото општество. Од тие причини мислам дека денешната расправа и она што го имавме вчера по овој закон укажуваат дека со сета сериозност и во комисиите на парламентот и на самата седница на Собранието се дискутира по овој закон и тоа ни дава право и обврска темелно да седнеме и да ги анализираме сите укажувања и дискусии кои денес ги слушнавме во врска со овој закон и да оцениме што е она прифатливо да го прифатиме, да го вградиме во законот, а што е она што не можеме да го прифатиме да го аргументираме и со аргументи да излеземе пред Собранието, пред пратениците да се одбие како такво решение. Ве убедувам дека ние тоа ќе го направиме во наредната фаза.

Инаку, да кажам дека во голема мерка беа упатени, така да кажам, критики на законот и најголемиот број пратеници покажаа дека содржи стари досегашни решенија, веќе познати во законот, што е вистина и јас се согласувам со тоа, но тие содржини се заради тоа што и досегашниот основен закон за работни односи, кој беше сојузен на Бивша Југославија и Републичкиот закон за работни односи во глобала не можеа да се потргнат од Меѓународните конвенции кои се составен дел и на поранешната и сегашната законска регулатива, така што ние сме

обврзани, со оглед дека Македонија како независна држава веќе стана член и на Меѓународната организација на трудот, таа е должна да ги почитува и да ги вгради во работното законодавство сите конвенции од оваа област. Така што ова е одговор на пратениците кои на некој начин бараа да им се одговори дали се внесени односно вградени тие конвенции. Многу дискутанти укажуваа дека треба да се изменат некои работи. Еве на пример се рече долганата граница да се дигне на повисоко ниво, на 15 годишна возраст да се заснива работен однос, ние не можеме тоа да го прифатиме бидејќи тоа е децидно регулирано во Конвенцијата за заштита на децата од обласа на трудот така што таму е децидно кажано 15 и 18 години, доколку тој работи тешки физички работи. Од тие причини не да се оправдам, но овој закон мора и во наредната фаза и во наредниот период да ги содржи овие Меѓународни конвенции.

Исто така, денес и вчера на виделина излегуваат две концепции, така да кажам односно две варијанти. Едни кои се залагаат за зголемување на правата на работниците и други кои се залагаат за зголемување на обврските на работниците, односно зголемување на правата на работодавачите. Тој проблем во претходната фаза и во досегашната фаза исто така го имавме бидејќи во изготвувањето на овој закон ние ги вклучивме и господата од науката, така што беа врвни стручњаци од Македонија кои работата на оваа проблема- тика, тие беа вклучени. Исто така, беа вклучени и учествуваа во изготвувањето на законот и претставници на Стопанската комора на Македонија. Сега за сега како претставник на работодавачите и претставници од Сојузот на синдикатите на Македонија, овој каков што е денеска, со цел да се зближиме во нашите концепции, во нашите законски решенија да немаме огромни разлики.

VII/6.-

Од тие причини, мислам дека денес беа изнесени доста конструктивни и умни предлози, кои во натамошанта фаза ќе ги има- ме предвид, ќе ги преиспираме и веројатно во последната фаза ќе излеземе со такви предлози кои ќе можеме да ги прифатиме. Доколку некои од предлозите и дискусиите кои беа денес не можеме да ги прифатиме од разно разни образложенија, ние исто така тоа дебело ќе го образложиме и во самото образложение и на самата седница на Парламентот. Денес не би сакал ниту би имал намера да навлезам во одговор на секое прашања на секоја дискусија, бидејќи тоа не е целта, туку целта е во првата фаза да ги сослушаме сите ваши дискусии и во натамошната фаза да ги разработиме.

Да завршам со тоа, некои прашања кои не докрај јасно сме ги кажале тука, посебно околу престанокот на работниот однос, оној класичен отказ, веројатно многу се кажа за тоа и веројатно некои работи ние ќе ги расветлиме и во нашето убедување беа веќе расветлени и во втората фаза ќе одиме со конкретни решенија околу престанокот на работниот однос односно оној класичен отказ на работниците. Инаку, сакале да признаеме или не, тоа е мое мислење и на Владата тоа доста го дискутиравме, бидејќи се наоѓаме во една фаза на транзиција, ние не можеме. Законот за трансформација на капиталот е донесен и тој процес е започнат, но сеуште еден огромен дел на претпријатијата и на капиталот е во општествена сопственост и не знам колку би било исправно сега да донесуваме еден закон кој ќе биде исклучиво пазарно ориентиран бидејќи можеме да имаме и ломови и нарушувања во област ана работното законодавство и на социјалните потреси на ниво на Републиката, така што овој закон во оваа фаза мора да го прифатиме како едно прилагодување во ова време во кое живееме и сигурно во наредната фаза, доколку имаме расчистени некои односи, зависи од

процентот на трансформација, веројатно ќе можеме да ги вградиме и тука. За ваше информирање да кажам во овој закон сме се потпреле на закон- ската регулатива од Западна Германија и на австрискиот модел така што се обидовме нешто да прилагодиме на овие наши македонски услови, бидејќи многу е лесно да се препиеше некој закон од запад- на земја, меѓутоа, многу е тешко да се прилагоди на нашите услови, општествено економски и политички во нашата држава. Да не должам многу,не сакам да се задржувам на овие конкретни укажувања што беа. Ние со сиот респект ги прифаќаме , ќе ги анализираме и во наредната фаза ќе дадеме одговор, тоа што ќе вградиме ќе вградиме и оние што ни ги доставија во писмена форма, има пратеници кои доставија некои укажувања и во писмена форма, ќе ги проанализираме и ќе се обидеме да понудиме еден текст кој ќе биде прифатлив не само за парламентот туку и за вработените и работодавачите во оваа наша држава.

Да завршам, на крајот молам Собранието да ги прифати заклучоците на Комисијата за труд и за социјална политика и на Законодавно - правната комисија овој закон да биде донесен во две фази. Впрочем таков предлог имаше од некои пратеници, но некои бараат тоа да оди во три фази. Токму од причина што доцниме во оваа област би било добро што поскоро да го донесеме овој закон, бидејќи веќе се судираме со некои правни празнини во областа на работното законодавство и во таа насока молам Собранието да одлучи денес да ги прифати тие заклучоци и во наредната фаза Владата да излезе со предлог на закон како дефинитивна фаза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесуваше на закон за работните односи.

Пред да го предложам вториот заклучок, го молам господинот Петар Горѓиев кој предложи законот да се донесе во три фази дали останува на својот предлог. (Пратеникот Петар Горѓиев од место вели "го повлекувам"). Значи, го повлекува.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите на Комисијата за труд и социјална политика, Законодавно правната комисија, забелешките од пратеникот Тодор Петров и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Законодавно - правната комисија, забелешките на пратеникот Тодор Петров како и стенографските белешки од седница на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

VII/9.-

Преминуваме на **13-та точка** - Предлог за донесување на закон за тутунот.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Миленковски, но претходно да го слушне заменикот министер за земјоделство и шумарство Санде Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господа, пред вас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за тутун и по тој повод дозволете ми да презентирам одредени уводи напомени во врска со оваа многу сложена и важна материја не само за стопанството на Македонија туку и за целокупното живеење на нашата држава.

Тутунот во Македонија има долга традиција и зазема многу значајно место во нашето стопанство. Директно или индиректно со тутун се занимаваат околу 350 до 400 илјади жители или една петина од вкупното население во Македонија. Вкупната годишна вредност на тутунот и преработките од него изнесуваат преку 100 милиони долари а извозните ефекти се движат околу 50 милиони долари. Во последните три години 1989-1991 година, површините засадени со тутун просечно изнесуваат околу 22 илјади хектари од кои околу 96% во индивидуален сектор, а само 4% во општествениот сектор. Во 1992 година насадени се вкупно 22.504 хектари од кои 21.732 хектари во индивидуалниот сектор, а само 7$4 хектари во општествениот сектор. Годишното производство варира во зависност од климата.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:** (Продолжение)

Во последните три години годишното просечно производство изнесува 22.200 тони суров тутун во лист. Во 199 3 година според проценките се очекува производство на околу 22.000 тона. Законската регулатива во врска со оваа култура на нашите простори се менува во функција со промените на стопанските услови. Актуелниот закон е донесен 1974 година, а изменет и дополнет во 1986 година. Системските промени во нашата држава ја наметнуваат потребата од донесување на нов закон за тутун, кој ќе ги одрази реалните потреби во оваа материја и настанатите промени во смисла на пазарна ориентација на нашето стопанство, или е паралелна стопанска ориентација. Основни причини за предлагање на закон за тутун се и следниве: Актуелниот закон за тутун донесен е пред 20 години во кој период настанаа голем број уставни и правни промени. Поедини одредби од Законот не се усогласени со Уставот на македонската држава. Дел од одредбите од досегашниот закон беа прилагодени на пазарните услови на СФРЈ и не можат да најдат во целост примена во стопанскиот систем и стопанското опкружување на Македонија.

Со предложениот текст на Предлогот за донесување на закон за тутун се врши усогласување со Уставот на Република Македонија со стопанско - политичкиот систем,а воедно вградени се подобрувања на откриените недостатоци на постојниот закон. Со овој закон се уредува производството, откупот и обработката на суровиот тутун во лист. Покрај другото забранета е продажбата на режен тутун. Во делот на производството на тутун регулирани се прашањата поврзани со производството на тутун. Не постојат организации во однос на можноста претпријатијата и други правни лица да се занимаваат со производство на тутун, но имаат обврска да склучуваат договор со производството

и откуп со некоја регистрирана организација. Исто така, регулирано е прашањето за производство на типови и сорти по производни региони. Дадени се условите што претпријатијата треба да ги исполнуваат за да можат да склучуваат договор за производство на тутун. Посебно се реализираат односите при откупот на тутунот,ова претставува значајна нови на во овој закон и најрадикална измена на досегашната практика. Даден е можност да бидат регистрирани претпријатија кои ќе можат да вршат откуп на тутун без да имаат склучено договор со организирано производство. Овие претпријатија треба да имаат вработени стручни кадри, соодветни простории, обезбедено финансиски средства во износ од 30% од бруто вредноста на планираната количина за откуп. Се надевам дека во врска со овој предлог за донесување на закон за тутун ќе бидат изнесени многу корисни сугестии кои ќе се трудиме да ги вметне во -Нацрт на законот. Сметам дека на сите основан задача ќе ни биде зајакнувањето на нашето тутунско стопанство кое патем речено е под силна конкуренција на соседните земји а и со тенденција на опаѓање заради моменталната декоњуктура во оваа област. Со овој закон исто така треба да се обезбеди пристоен живот, економски интерес и просперитет на нашите тутунопроизводители.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, заради усогласување на уставните определби за слобода на пазарот како и еднаква рамноправна положба на сите субјекти во производството, откупот,преработката и реализацијата на оваа важна земјоделско - индустриска култура, оправдани се причините и има потреба од донесување на законот за тутун. Само да се потсетиме дека оваа култура учествува со околу 6% од националниот доход и околу 20% во доходот, што се остварува во

земјоделството а во некои неразвиени подрачја или реони околу 50%. Од примарното производство на тутун егзистираат околу 350.000 жители во Република како и 10.000 жители во обработката на суровиот тутун што претставува голем дел од населението во Републиката кое обезбедува егзистенција.

Преку прометот на цигари скоро во сите земји, па и во наше поголем дел од средствата во Буџетот се обезбедуваат преку прометот цигарите. Тутунот како земјоделска култура се одгледува и на најсиромашните почви а надморската височина не претставува лимитирачки факт а во услови на необезбедени услови за наводнување за разлика од друг земјоделски култури а најмногу е застапен каде има најголема невработеност, каде на извесен начин се ублажуваат социјалните проблеми. Oј ова произлегува дека државата мора да води сметка и со закон да го одржува и унапредува тутунопроизводството со кое се занимава најсиромашниот дел од населението. Исто така, преку овој закон треба да се укине досегашното монополско однесување кое негативно се одразува врз развојот на тутунопроизводството. За разлика од сите други земјоделски производи тутунот остварува најголем дел од девизите од земјоделството преку извозот.

Со овој предлог за донесување на закон за тутун предложените решенија си остануваат како либерални во однос на досегашниот постојан закон. Нема ограничување во однос на производството на тутун нити на претпријатијата за други, ниту на граѓаните. Тоа што постои обврска да пред предавањето на производството на тутун да се склучуваат договори се цени дека поволно ќе се одрази врз производството затоа што овој договор предвидува и задолжително да се откупат сите произведени количини на тутун.

Обврските на организациите кои ќе сакаат да откупуваат тутун да имаат соодветен стручен кадар се цени дека поволно ќе се одрази врз развојот, производството, заштитата, квалитетот, како и преработката и доработката, а со цел поголеми количини да се ориентираат за извоз. Но во секој случај дадените решенија во предлогот за донесување на закон за тутун не значи дека се најдобри и најадекватни Затоа при изготвувањето на законот предлагачите треба да ги имаат предвид мислењата и забелешките на Стопанската комора на Македонија, здруженијата на тутунопроизводителите, како и да се вклучи и науката за изнаоѓање на најоптимални решенија со цел унапредување на ова производство, како и негово вклучување во новите економски услови на пазарната економија.

Комисијата за земјоделство и шумарство му предлага на Собранието да го усвои Предлогот за донесување на овој закон за тутун.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувани пратеници, имајќи предвид дека тутунот како култура е една од стратешките индустриски култури на државата, а тоа го докажува и фактот дека 6% учествува во националниот доход со 20% учествува во доходот што се ствара во земјоделството, во примарното производство егзистираат над 80.000 семејства со над 400.000 илјади жители.

Производството на тутунот покрај тоа што ги покрива домашните потреби, уште ја полни девизната каса на државата со над 50 милиони долари годишно, и обезбедува работа уште за 10.000 вработени во тутунопреработувачката индустрија.

Како култура која има скромни барања, а тоа значи дека може да се одгледува на сиромашни почви, најчесто на површини од IV до VII класа, а климатските услови на Републиката се поволни за производство на најквалитетни кабасти и зачински сорти на тутун иако сите овие предимства ги придружуваме со квалитетни закони, тогаш придобивките можат да бидат повеќекратни. Затоа предлагам предлогот за донесување на Законот за тутун, а потоа што побрзо донесување и закон за тутун кој ќе биде корак напред за постојните моментални проблеми во оваа област. Во содржинскиот дел на законот мислам дека членот 5 кој гласи не е дозволено држење, користење, купување и продажба на суров тутун во лист, како и нарежан тутун спротивно на одредбите на овој закон, треба да се брише со следното образложение како и во секој стопански сегмент, така и во тутунопроизводството мораме да одиме со пазарните законитости на економија, а тоа значи коoперантните односи помеѓу производителите и купувачите на тутун треба да се засниват врз здрави односи. Според тоа би требало откупната цена за килограм тутун да биде гарантирана во здрава валута. На пример еден предлог вака приближно за секоја година близу 2,2 американски долари, или по нашата практика со санкционирање по плати и овој дел на законот да изнесува една четириесетина од среден личен доход платено во стопанството во Републиката последниве три месеци пред да се отпочне со откуп на суровиот тутунов лист.

Што се однесува до производството на тутун, според наброените услови организирањето на: производството на суров тутун во лист член 7 би требало да; се пополни, производителот би требало да има обезбедено расадник за произведување на квалитетен расад, да има обезбедено сушара за сушење на крупно - лисни тутуни кои се одгледуваат во одредени реони, а климатските услови не им овозможуваат сушење по природен пат. Што се однесува за откупот на

произведениот суров тутун во лист наместо откупот да почне од 1 декември, предлагам да биде од 1 ноември, со тоа што производителот да не се оптоварува со тоа да обезбеди специјална просторија за привремено складирање. Новина во откупот на тутунот е и тоа што откупот можат да го организираат покрај претпријатијата како досега за организирано откупување, можат да врша и други претпријатија и приватни лица. Во овој оддел на законот запоставен е и механизмот за навремено полагање на доставеното количество што овозможува на купувачите да манипулираат со правата на производителите, задоцнувајќи го плаќањето дури и по неколку месеци при што реалната вредност понекогаш и се преполовува, а притоа купувачот да не се санкционира за отворен прекршок. Затоа предлагам во член 19 да се додаде алинеја 4 која ќе гласи: "Ако купувачот во рокот од 5 дена не го исплати доставеното количество на тутун,подлегнува на исплата со затезна камата." Во член 20 се додава алинеја 3 која гласи: "При проценувањето на квалитетот на суровиот тутун во лист, проценувачите треба ги да применуваат сите мерни инструменти за одредување на сите параметри а не проценката да биде на око.

Што се однесува до надзор, работаат на надзорните субјекти ќе се сведе на минимум ако коoперантните односи се здрави. И во овој дел на законот ќе бидат одвишни ставовите 5,6 од членот 27 и предлага^ овие ставови да се изземаат.

Од казнените одредби од член 29 да се изземе ставот 2, од членот 35 да се изземат ставовите 2,3 и 4. Предлогот за донесување на. закон за тутун со овие забелешки го прифаќам и евентуално и дополнителните забелешки од страна на колегите ќе бидат права основа за квалитетен предлог закон што би требало Владата за што пократко време да ни го достави.

IX/1 НН/ЛБ

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници на тутунот како стратешка култура во Македонија треба, од овој момент , откако ќе се донесе законот, а и сега да се обрне многу поголемо внимание до тој степен до кој сите 400 илјади тутунопроизводители не останат разочарани. Како што знаеме за тутунот се кажа важноста и како стратешка култура за оваа држава е исто така важен и како социјална култура, затоа што тоа население што го одгледува знаеме дека е со многу низок животен стандард и е во реони каде што другите култури многу слабо успеаваат. Тутунот се одгледува на такви терени заради својата специфичност како растение.

Ние, ни со овој закон, а ни со друг закон не смееме да придонесеме за влошување на кооперантските односи кои се воспоставени помеѓу производителите на тутун и самите откупувачи. Со еден ваков закон тие односи треба да се надоградат на многу повисоко ниво , иако тутунското стопанство и производството на тутун се на високо ниво, ако споредиме какви се коперативните односи во другите гранки на земјоделството и со другите култури. Тие односи секој би бил задоволен од тие други гранки и со други култури ако се приближат на односите кои се во производството на тутун.

Заради самата важност на тутунот за државата и за населението државата во никој случај не смее да стои на страна од самото производство на тутун, од односите на производство на тутун, од откупот на тутунот итн. Треба да се спомене дека сме единствена држава во светот на која тутунот и е така важна култура, а која стои настрана од она што е поттикнување на производството на тутун. Тоа е единствено заради тоа што нашата држава нема државна премија за поттикнување на производството на тутун. Тоа скоро сите држави го имаат. Важно е да се каже дека државна премија се исплаќа на производителите на тутун и

во оние држави на кои тутунот не им е така важна, ни стратешка култура, ни социјална култура, пример Италија, Хрватска, Шпанија итн.

Условите што ги има Македонија, мислам почвено климатските и стандардот на населението , кој стандард го принудува да се занимава со производство на тутун, а и со технологијата на обработката на тутунот, која е на многу високо ниво се фактори кои при- донесуваат државата да сврти многу поголемо внимание на тутунопроизводството и на тутунопроизводителите. Во најскоро време треба да почне да се размислува бидејќи само така би се потикнало самото производство и квалитетот на производството.

Законот кој е предложен од Владата од скоро пред 2 години има некои работи кои ги подобруваат тие односи, но има работи кои односите ги држат на она ниво на кое биле, а има работи кои за мене како стручњак од тутунското стопанство постои некој ризик бидејќи за нас е интересен светскиот пазар. Македонија поголемото производство од својот тутун кој е специфичен, за високи технологии, високо квалитетни цигари постои еден момент каде што може да се изгуби тој светски пазар. Што би значело тоа, би ги немала оваа држава тие 80,90 милиони долари кои доаѓаат од тој светски пазар.

Ќе кажам .само две три забелешки, а другото мислам дека во другите фази треба поквалитетно да се обработи со расправа на Комисијата за земјоделие и со поднесување на амандмани од пратениците.

Во член 16 вели "откуп на суров тутун во лист покрај претпријатието за организирано производство може да вршат и други претпријатија и правни лица кои ги исполнуваат условите од член 7 точка 5, 6 и 7 и 8 од овој Закон - претпријатие за откуп". Јас мислам дека тоа е во ред, и друг да откупува тутун, но каде ја гледам опасноста овде.

IX/3

Македонија е подрачје каде што се произведува ориентален тип на тутун кој е специфичен за високи технологии и високо квалитетни цигари, кои најмногу се трошат во западните земји (Америка Јапонија и Европа). Опасноста овде постои од нарушување на типската чистота. Ние знаеме дека последниве години типската чистота, нарушувањето на типската чистота зема замав па доаѓаше до некои смирување итн. но во некои краишта пак зема замав. Тоа е најопасната работа не за претпријатијата туку за државата како стратешка култура тутунот со неговото значење и за самите тутунопроизводители. Кој би бил ризикот тука.

Ние за нас како Македонија со производство на 20 до 30 илјади тони тутун, зависи колку која година, за нас тоа е можеби многу тутун, но за светскиот пазар тој тутун е многу мала работа. Ако една земја која откупува тутун, или соработник, а ние и знаеме кои се, на кој начин работат, од кога е кај нив пазарната економија и какви се договори, какви дисциплини имаат, бизнисмени и фирми, компании, ако тие еднаш најдат грешка во нашиот тутун тие нас би не заобиколиле. Опасноста за нас 6и била што нема каде да го продадеме тутунот( а тие ќе најдат на многу мест ист тутун бидејќи технологиите сега се до тој степен достигнати што и не се важни малите разлики во тутунот. Опасност за Македонија е со своите 20 илјади тони тутун, затоа што , на пример соседна Грција со можеби и подобри и потполно исти климатски услови имаат 120 до 130 илјади тони годишно, Турција има 280 илјади тони исто така со добри почвено климатски услови и кооперативниот однос на повисоко ниво.

Јас мислам дека овде треба да има , како што стои да може и друго претпријатие да откупува тутун, но тоа претпријатие да има организирано производство на тутун. Ако го има организирано производството на тутун од расад и се понатаму многу мали се шансите за нарушување на таа

типска чистота, која е еден најважен фактор во вкупното тутунско производство. Такви претпријатија би никнале како печурки и би го собрале трудот и потта на народот, можеби наредната година ќе го нема, но последиците ќе бидат такви што државата не ќе може да ги врати итн. Во ред е што се стави таа либерализација за откуп, но јас мислам дека предлагачот на законот нема обрнато внимание на ризикот. Ако од 400 иљади производители 200 иљади производители останат со кратки ракави јас мислам дека државата не ќе може да им обезбеди егзистенција за таа година или за дополнување на нивниот живот, бидејќи 20 0 иљади производители претставуваат половина од производителите. Ние секакви слободи да даваме во овој закон, но најмногу треба да внимаваме на тип- ската чистота која е од интерес за државата, како прво, од интерес за 400 иљади производители, и за претпријатијата кои се занимаваа досега.

Исто така претпријатие кое не би се занимавало со производство на тутун, само со откуп на тутун, а ние знаеме дека во договорот помеѓу производителите и претпријатијата,претпријатијата се обврзуваат да вршат заштита на тутунот без разлика дали е на расад, на нива, или при обработката, домашната манипулација. Претпријатието мора со своите стручни лица, затоа во законот се вели претпријатието да има стручен кадар и стручни лица, мора да го пратат развојот на тутунот од расад па се до предавањето во претпријатието, или било каде. Каде што стои "да вршат и други претпријатија" , тоа претпријатие не е обврзано да врши надгледување на тутунот, на производството, давање на стручни совети итн.

Оние работи, на почетокот на овој закон каде што се зборува за кооперативните односи, авансирањето, исплаќањето на тутунот по

самиот откуп, мислам дека е во ред, но во членот 16 мислам дека ризикот е многу голем. Во една година може да се случат тешки работи, тешки последици, да дојде до немири. На пример, порано секој производител беше должен, но не мораше да го осигурува својот тутун. Минатата година во некои села во Прилепска општина се случи некои тутунопроизводители заведени од некого со клаузула да не го осигуруваат тутунот, а токму во тоа село временските прилики беа такви што тутунот беше 80% уништен од град. Истите производители немаше каде да се обратат па пак отидоа во тутунското претпријатие да бараат помош, а самиот тој што ги навел тутунот да не се осигурува никаде го нема. Важноста на односите е тоа. Претпријатието кое врши откуп на тутун не е важно каде е мора да го прати производството на тутун бидејќи тутунот е и карактеристична култура и заради самата типска чистота.

Уште една забелешка имам.

Во член 2 став 2 вели "проценител може да биде лице кое има VII степен висока школска подготовка која се стекнува на земјоделски факултет односно VI степен виша школска подготовка која се стекнува на виша земјоделска школа со најмалку 2 односно 4 години работно искуство во обработка на тутун, или лице IV стешен средна стручна подготовка која се стекнува со средно земјоделско училиште со најмалку 5 години работно искуство". Овде предлагачот има една грешка бидејќи покрај земјоделското училиште во Македонија има тутунско училиште, кое тутунско училиште дава кадри кои се најобучени како за производство така и за откуп на тутун. Јас мислам дека тука треба да стои "средно тутунско училиште, односно земјоделско училиште со најмалку 5 години работно искуство". Тоа е училиште во Прилеп со традиција преку 40 години и не може со овој овој закон да биде

запоставено. Треба да стои земјоделско училиште или поточно подготовка која се стекнува во средно тутунско училиште односно земјоделско училиште иако тоа спаѓа во кругот на земјоделските училишта.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За учество во расправата се пријавени уште дискутанти а бидејќи работиме во зимски услови, повеќето од пратениците патуваат предлагам да прекинеме со работа денеска и да продолжиме утре во 11,00 часот со замолница вие кои дојдовте да бидете редовни а тие кои не беа да обезбедат присуство утре во 11,00 часот

(седницата прекина со работа во 16,20 часот).